# Ц Р В Е Н К Р С Т О Х Р И Д

**Предлог**

# И З В Е Ш Т А Ј
# за работа во 2021 година

**март 2022г.**

## ВОВЕД

И во годината што измина бевме дел од секојдневието на луѓето кои се соочуваа со разни предизвици, но бевме и со оние кои сакаа да бидат со Црвен крст Охрид за да се чувствуваат исполнето и среќно. Особено сме горди што желбата за волонтирање и поддршка на заедниците е секогаш присутна во нашата средина. А со помош на нашите волонтери од сите генерации успеавме да бидеме поблиску до нашите корисници на услуги и сите заедно преку хуманитарната работа градевме доверба, градевме сочувство, мир и толеранција и верба во подобро утре.

Црвен крст Охрид преку своите активности за заштита и справување со Ковид пандемијата, заедно со надлежните институции даде посебен придонес во надминување на последиците од ширењето на вирусот Ковид 19. Активно работевме на подигање на свеста на населението, обезбедување на материјална помош и обуки за човечките ресурси со цел да бидеме подготвени за справување со последиците од климатските промени и сите елементарни катастрофи кои се секојдневие од нашето живеење на овие простори. Дадовме посебен придонес во промовирање на безбедно живеење и спроведување на здравствено превентивни активности за заштита на животот и здравјето на населението. Континуирано го промовиравме крводарителството и ги учевме луѓето како да укажуваат прва помош. Младите ги учевме како да се заштитат од разни болести и меѓусебно да се почитуваат.Социјалните активности имаа посебно место во нашата работа во изминатата година. Работевме и ги интегриравми лицата во трето доба, обезбедувавме поддршка за најмладите, ги помагавме хендикепираните, социјалните случаи, работевме со бездомниците, и раздвоените како резултат на миграции.

Промовиравме партнерства на меѓународен план и во државата и нашите добри практики и резултати беа препознаени од нашите партнери од корпоративниот сектор, партнерските организации од Движењето и меѓународни агенции, што резултираше со обезбедување на поддршка за најразлични проектни и програмски активности за подобрување на животот на различни категории на ранливо население.Дисеминацијата и воспоставување на семејни врски исто така играа важна улога во нашата работа за споделување на хуманите вредности и меѓународно хуманитарно право и обезбедување на хуманитарна заштита. Работевме и спасување на вода и планина. и уште многу други активности кои се прикажани во годишниот извештај на нашата организација кој со големо задоволство сакаме да го споделиме со вас.

Нашите постигнувања се потстрек за повеќе работа. Нашите предизвици се наша мотивација. Благодарност до сите наши волонтери, партнери и вработени што дадоа придонес во остварувањето на нашите цели.

## ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ

2021та година ја оценуваме како успешна во која Црвен крст Охрид ги реализира своите програмски определби.

**РАКОВОДЕЊЕ**

Во текот на 2021 година беа одржани 9 седници на Раководниот одбор на Црвен крст Охрид, а Собранието на Црвен крст Охрид заседаваше 2 пати. Советодавните тела на Црвен крст Охрид со свои предлози и сугестии учествуваа во изготвување на програмата за работа на Црвен крст Охрид за 2022 г.

# ДИСЕМИНАЦИЈА И ПХВ

**ДИСЕМИНАЦИЈА**

Во текот на извештајната година со дисеминација на знаењата за движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина беа опфатени преку 150 лица од сите возрасти, за што со своето искуство, знаење и посветеност се погрижија дисеминаторите на Црвен крст Охрид Љупчо Милковски, Славица Илиќ, ВеснаТерзиоска.

**НЕДЕЛА НА ЦРВЕН КРСТ**

Под мотото Заедно ние сме НЕЗАПИРЛИВИ се одбележа 8ми мај, Светскиот Ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

На 8 мај 1828 година е роден Анри Динан, основоположникот на Движењето на Црвениот крст. На овој ден ширум светот националните друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина преку пригодни активности делуваат на подигање на свеста за значењето на нашите основни принципи и вредности и нее потсетуваат на потребата од намалување на човековите страдања, зачувување на човековото доистоинство, заштита на животот на луѓето, како и надминување на последиците од вонредни состојби и природни катастрофи.

Акцентот на нашите активности во изминатата, но и во оваа година е ставен на справување со последиците од глобалната пандемија предизвикана од КОВИД-19.

Токму и слоганот на овој наш годинешен празник, #Незапирливи ги отсликува заложбите и напорите на нашата организација навремено и ефикасно да одговориме на предизвиците и последиците предизвикани од ширењето на коронавирусот. Сее она што го направија и го прават нашите волонтери и вработени беше во функција да им се помогне на луѓето за полесно и подобро да се справат со пандемијата.

Секој од нас игра важна улога во заедницата, таа да стане попријатно место за живеење и делување. Секое наше добро дело претставува чин за поттик на нашите граѓани да ни се приклучат во нашата мисија за да им помагаме на луѓето кои се нашле во незавидна положба.

По повод 8ми Мај- Светскиот ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина, претставници на Црвен крст Охрид положија свежо цвеќе пред бистата на Анри Динан, основоположникот на Меѓународниот комитет на Црвениот крст. Во рамките на одбележувањето на Неделата на Црвениот крст (од 8 до 15 мај), на ден 19.05.2021 г. се одржа исклучително успешна крводарителска акција што во организација на Црвен крст Охрид и Службата за трансфузиологија од Охрид се реализираше во спортската сала на ОУ IГригор Прличевв во Охрид. Со почитување на протоколите и мерките за заштита од Ковид-19, 61 хумани наши сограѓани од кои 8 млади, првократни крводарители, даруваа од драгоцената течност.

Изразуваме благодарност и почит кон сите наши волонтери, вработени, партнери, соработници, донатори, помагатели на нашите активности со желба да продолжиме заедно, да бидеме побројни и НЕЗАПИРЛИВИ во нашите напори да изградиме похумано општество во кое достоинството и добросостојбата на граѓаните ќе биде највважно од се.

**Кампања за дисеминација на улогата и работата на националното друштво**

Црвениот крст на Република Северна Македонија со поддршка од Меѓународниот комитет на Црвениот крст во октомври месец започна кампања за дисеминација на улогата и работата на националното друштво со посебен фокус на локалната соработка меѓу Општинските организации на Црвениот крст и институциите на државата.

Во рамки на кампањата се организирани пет работни средби во ООЦК Охрид, Кичево, Неготивно, Велес и Битола. На истите учество земаа 41 претставник од Црвениот крст, Противпожарните единици, Секторите за внатрешни работи, Здравствените домови, Армијата, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи и Центрите за социјална работа. Во месец ноември во секоја од институциите се организирашетргговија дисеминациска сесија за вработените лица со цел да се промовира соработката и да се разгледаат можностите за надградба на партнерствата.

**Дисеминациска сесии**

- Во рамки на планираните активности и насоки на НД/ЦКРСМ и успешно одржаната координативна средба со претставници на институции и установи од областа на безбедноста, управување со кризи, заштита и

спасување, здравство, социјална работа и локална самоуправа, на ден 11.11.2021 тим на Црвен крст Охрид, во просториите на СВР Охрид, реализираше работилница на која учество зедоа 35 полициски службеници и пожарникари, при што беа презентирани и промовирани мисијата, визијата, организацијата и активностите на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина, нашето Национално Друштво и на Црвен Крст Охрид и Меѓународното хуманитарно право - акцент на допирни точки со функцијата и надлежноста на слушателите. Презентацијата и дополнителните објаснувања предизвикаа интерес, дискусии и прашања и предлози за натамошна тематска и работна комуникација.

- На ден 25.11.2021год., во рамки на програмските активности,од страна на дисеминациски тим, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа дисеминациска сесија/работилница со медицински персонал од скоро сите одделенија при Општата болница во Охрид. Покрај општиот дисеминациски опфат посебен акцент е ставен на допирните точки со целната група: амблемот, користење, употреба/злоупотреба; здравствено-превентивните програми (прва помош, парамедици, психолошка помош, обуки за прва помош, обуки и оспособување на негователи и лични асистенти, спасување на вода и планина, можности и ресурси на Црвен крст); ресурсниот и кадровски капацитет на Црвен крст Охрид и можност за вклучување и волонтирање, при што е покажан особен интерес, коментари, прашања и дискусии. За одбележување беше и нивниот интерес за активно вклучување и волонтирање во програмите на Црвен крст Охрид.
- Во рамки на планираните активности, на 26.11.2021 година, дисеминациски тим на Црвен крст Охрид реализираше дисеминациска сесија со учесници, вработени во Општина Охрид, РЦУК Охрид и ДЗС Охрид, при што, покрај општиот опфат и дизајнирана презентација, посебен акцент е ставен на капацитетите и ресурсите и заедничките спојни точки за акција и активитет во превенција решавање на кризни и конфликтни состојби и ситуации со практичен приказ на делови од МХП, Женевските конвенции од 1949 година и Дополнителните протоколи од 1977 година, одредби за цивилната заштита и цивилната одбрана, меѓународната знаковна и сигнална комуникација со дадени примери на национално и локално ниво. Презентирани се и потенцирани практични прашања и проблеми кои бараат заеднички и кординативен пристап. Од страна на присутните беше покажан особен интерес, прашања, коментари и дискусии, при што се дадени конкретни предлози за иницијативност и заеднички пристап.

**ПХВ Недела**

Во рамките на програмата Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности (ЦКА-ПХВ), се одбележува Неделата на промоција на хумани вредности (21 до 27 септември). Целта на неделата е промоција на култура, мир, соживот, толеранција како и поттикнување на активизам помеѓу младите луѓе, а оваа година младинците требаше да креираат друштвени игри поврзани со Црвениот крст и неговата мисија.
Во текот на ПХВ Неделата, на ден 19.09.2021 година, ПХВ младинците од Црвен крст Охрид учествуваа на работилница во која, преку тимска работа и взаемна вложеност, креираа свои верзии на друштвени игри. Преку овие игри се нуди можност повеќе да се научи за Црвениот крст како организациона структруа.

**ЦКА-ПХВ циклус 2021**

Поради ограниченоста од КОВИД вирусот, оваа година ЦКА-ПХВ програмата се имплементираше со вкупно 39 онлајн работилници наменети за млади. Со овие работилници волонтерите имаа шанса амбициозно да работат на своите комуникациски, организациски и ораторски вештини, како и да се проучат себеси преку теми како: вЛичен менаџмент на времег, вГрижа за себег, вКомуникација и јавно говорењевги други! Работилниците беа приалгодени за младите, за нивните потреби и интереси како на пр.Вештачка интелегенција, анксиозност на младите, тим и тимска работа, комуниказија и техниките на истата, вештини на преговарање, безбедно кристење на интернет и многу други.
Работилниците се оддржуваа секој четврток и на нив учествуваа вкупно 3436 младинци од целата држава, во кои и волонтерите на Клуб на млади при Црвен крст Охрид, а беа едуцирани од страна на 24 ПХВ искусни инструктори! ПХВ програмата оваа година беше реорганизирана и прилагодена на здравствените услови во државата.

## ЗДРАВСТВЕНО-ПРЕВЕНТИВНА ДЕЈНОСТ

**Светски ден на РЕТКИ БОЛЕСТИ**

Црвен Крст Охрид и оваа година се придружи кон кампањата за Ретки болести. По повод месецот на ретки болести, волонтерите од Клубот на Млади при Црвен крст Охрид направија едукативно видео со 5 факти за ретките болести.

Целта на целата кампања е поткревање на свеста и поттик на институциите да го насочат вниманието на медицински истражувања за изнаоѓање лек и терапија за ретките болести.
На ден 27.02.2021г. во просториите на Црвен крст Охрид и дечињата што ја следат Бреинобреин програмата во Центарот за развивање на животни вештини БОБ-Црвен крст Охрид под водство на тренерот Валентина Кузманоска се вклучија во Кампањата за запознавање со ретките болести.
Со оваа кампања се укажува дека оние
кои што имаат ретка болест не се разликуваат по ништо од оние кои немаат, и дека сите се исти и уникатни на некој свој начин. Не треба да се дискриминира и отфрла од нашето општество и дека треба да се направи сè што е во наша можност да се почувствуваат прифатени, среќни и радосни во општеството кое ги опкружува.

**Светски ден на срцето**

Во рамки на своите здравствено-превентивни активности, а како дел од одбележување на Светскиот ден на срцето, Црвен крст Охрид на ден 04.10.2021 година организираше едукативно предавање кое др.Виолета Мојсовска од ЈЗУ Специјализиранaта болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања Ђ Охрид го одржа на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица -вНајди времег.
Презентацијата беше насочена кон запознавање на присутните со кардиоваксуларните заболувања, нивните симптоми, дијагностички прегледи како и третман и терапија. Посебно внимание беше посветено на едукација за зголемениот ризик од компликации на Цовид 19 кај пациентите со кардиоваскуларни заболувања и давање на препораки за заштита и подобрување на квалитетот на животот кај оваа група на пациент

**Недела на хигиенизација**

Во периодот од 13.04.2021 до 15.04.2021 по повод ІНедела на хигиенизацијав се одржаа четири онлајн обуки на 95 ученици од четири основни училишта ІГригор Прличевв, ІКочо Рацинв, ІСв. Климент Охридскив и І Ванчо Николескив од страна на тројца волонтери-врснички едукатори од Клубот на млади при Општинска организација Охрид: Христијан Пендиков, Љубица Јованоска и Елена Колевска.
Неделата на хигиенизација оваа година се спроведе под мотото вХигиената - лична обврска за колективно здравјег. Промоцијата на хигиената е основен дел од активностите за вода и санитација на Меѓународната федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина (ИФРЦ). Целта е да се зголеми свеста за јавното здравје и превенција на болести поврзани со лошите хигиенски практики. Податоците на Светската здравствена организација покажуваат дека 1,7 милиони смртни случаи годишно се припишуваат на небезбедна вода, санитација и нехигиена.

**Недела на имунизација**

Во рамки на одбележување на Неделата на имунизација (24-30.04.2021г.), се одржа едукација на тема "Заштити, спречи, вакцинирај" со волонтерите од Клуб на млади при ООЦК Охрид од страна на д-р Јованка Стурлакова Коровешоска. На едукацијата присуствуваа 27 волонтери кои имаа можност да дознаат повеќе за вакцинацијата во нашата држава, како и тоа како вакцинацијата нè заштитува и превенира заболување. На крајот на предавањето волонтерите имаа можност да постават прашања кои ги интересираат.

**Недела на борба против туберколоза**

Под мотото Време е за свет без туберколоза Црвен крст Охрид во периодот од 14-21 септември 2021 год. ја одбележа вНеделата на борба против туберкулозаг. Црвен крст Охрид организираше едукација со млади кај кои е најважно да се информирани и свесни од мала возраст со др. Кристина Стојаноска Алоска. Целта на предавањето беше да се споделат основните информации за оваа болест, симптомите, превенцијата и начините на лекување и да се подигне јавната свест за важноста на општото здравје, социјалното и економско влијание на туберколозата како и мерки за ставање крај на глобалната епидемија на оваа болест.

**Недела за борба против шеќерна болест**

Црвен крст Охрид во периодот од 10-16ти октомври 2021 год. традиционално ја одбележува Неделата на борба против шеќерна болест која има за цел подигнување на свеста на населението, за тоа што претставува дијабетот, колку е застапен во светот и превенција од појава на шеќерна болест преку промовирање на здрави животни навики.

По тој повод, на 18.10.2021 др.Соња Стурлакова Димовска одржа едукативно предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица - вНајди времег, а овогодинешното тема беше вЗдрави животни навики и дијабетотг.

**Месец на ментално здравје**

Јуни 2021 - месец на ментално здравје според Европската мрежа на млади на Црвен крст. Под мото ´Истражи се и надогради се´ овој месец се посветивме на менталното здравје на нашите најважни носители на иднината - младите!

Во склоп на месецот се организираа повеќе работилници на кои се работеше на ментално здравје со волонтерите.

Се работеше на менаџментот со стрес, самодовербата, сигурноста во себе и добросостојбата, која треба да ја изградиме кај нашите волонтери за да се ефикасни и да продолжат да прават огромни добри дела во нашата заедница.

Се одржа онлајн работилница за вМенаџмент со стресгсо Михаела Протугер, студент на психологија, а воедно и долгогодишен волонтер на Црвен крст Охрид. Михаела вели за успешно да се справиме со стресот треба директно да се соочиме со проблемот кој го предизвикува истиот, а притоа наведе и некои дополнителни корисни техники.

На средина од месец јуни се одржа работилница за ментално здравје и самодоверба со м-р психолог Ранко Раткушиноски! На оваа работилница која се одржа во тренинг центарот во Велестово преку работа во тимови, вежби, игри и дискусии, нашите волонтери ја развиваа свеста за себе и се запознаа со методи со кои можат да ја зголемат самопочитта! Ранко вели дека самопочитувањето е дел е од поимот за себе, тоа е предуслов за среќа, квалитетни меѓучовечки односи и успех во тоа што го работиме.

И на крајот од месецот од страна на нашите волонтерки Сара Коваческа и Ивана Грданова во пријатно расположение беше одржана уште една работилница вПреку физичка активност до подобро ментално здравјег, за тоа колку е важна физичката активност за да се одржи правилно ментално здравје. На работилницата учествуваа волонтери од Клубот на млади на Црвен крст Охрид и истата беше остварена во склоп на месецот посветен на менталнотто здравје. Преку поделени искуства, практични вежби и тим-билдинг игри, Сара и Ивана укажаа на тоа колку е важно да се остане физички активен. А крајот на работилницата беше надополнет со медитирање и заедничко релаксирање.

**Светски ден за борба против ХИВ/СИДА**

Во период од 01.12.2021 до 07.12.2021, секоја година, се одбележува Неделата за борба против ХИВ/СИДА. Со цел да се подигне нивото на свеста во јавноста за СИДА и изрази поддршка на оние кои што живеат со ХИВ, на 1 ви декември, Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА, волонтерите на Црвен крст Охрид на минувачите, вработените и посетителите во градските кафулиња, маркети, продавници, учениците во средните училишта им ставаа црвени панделки како универзален симбол за свеста дека СИДА-та постои и како поддршка на оние кои живеат со СИДА, ги едуцираа со корисни совети за начинот на превенција и заштита од ХИВ/СИДА, а беа делени и едукативни флаери за начинот на пренесување, превенција и заштита од инфекција со ХИВ вирусот.

Активностите продолжија и во текот на Неделата на борба против СИДА од 1-7 декември 2021 со реализација на интерактивни едукативни работилници за младите и обука на врснички едукатори за ХИВ/СИДА .

По повод одбележувањето на 1 декември, Светскиот ден за борба против ХИВ/СИДА на барање на Советот на родители при ООУ ІГригор Прличевв Ђ Охрид, а во соработка со Црвен крст Охрид, наставничкиот кадар, раководството и стручната служба на училиштето, Ученичкиот парламент, едукаторот од Црвен крст Охрид, д-р Јованка С. Коровешоска оддржа онлајн едукација за ХИВ/СИДА со учениците од ООУ ІГригор Прличевв Ђ Охрид.

Во работилницата беа опфатени 90+ ученици од 8мо и 9то одделение. Целта на оваа средба беше учениците да се запознаат со болеста на денешницата - СИДА, како да се заштитат од истата и кои мерки треба да се превземат за да се намали бројот на новопријавени случаи на инфекција.
Со цел поткревање на свеста за ХИВ/СИДА, покрај симболичното делење на црвени панделки, флаери и презервативи, Клубот на Млади од Црвен крст Охрид организираше и врсничка едукација за волонтерите. Работилницата ја одржа нашиот врснички едукатор Гзим Демироски кој успешно ги информираше и едуцираше младите за ризиците но и начините на превенција на ХИВ/СИДА и останатите СПИ!
И оваа година активностите во кампањата за борба против ХИВ/СИДА беа во соработка и поддржани од Цанадианс фор Цхилдрен ат Хеалтх Риск од Канада

**Недела на забоздравствена заштита**
По повод Неделата на забоздравствена заштита која се одбележува од 15-21.12.2021 г. на ден 21.12.2021 година, Црвен крст Охрид и Советот на родители при ООУ вГригор Прличевг Охрид организираа едукативна онлине работилница на тема Превенција и грижа за оралното здравје кај младата популација заедно со Д-р Кристина Стојаноска Алоска, доктор стоматолог од стоматолошка ординација Етадент-Охрид и волонтер при Црвен крст Охрид. Работилницата се одржа со ученици од трето одделение од ООУ вГригор ПрличевгОхрид.
Во рамки на предавањето, дечињата добија совети за начинот на водење на оралната хигиена со техника на четкање на заби, зошто е важна посетата на стоматолог, кариесот и начинот на превенција, како и за здравата и нездрава исхрана. По презентацијата следеше дискусија со учениците и наставниците, каде децата прашуваа за користење на електрични четки, користење пасти на база на флуор, од кога до кога се менуваат забите, носење на помагала. Исто така, им беше објаснето што значат превентивните прегледи.
На децата им беа посочени како дополнителна литература каде можат да прочитаат корисни совети и чекори за грижа за забите, двете брошури кои Д-р Стојаноска Алоска ги има издадено во 2014 година IГрижа за забитев и во 2015 година IНасмевка без кариесв, во издание на Црвен крст Охрид, наменети за малите деца и нивните родители. Автор е и на книгата десет приказни за забите под наслов IНасмевка за петкав, која, исто така, им беше препорачана на децата за читање.
Заклучокот од оваа едукативна работилница беше дека има потреба од вакви едукации, бидејќи потребно е децата да добијат совети од стручни лица за одржување на оралното здравје и последиците од негрижата за забите.

**Вакцинација Ковид-19**
Волонтерски тим на Црвен крст Охрид, поделен во две смени, во период од 07.00 до 20.00 часот од 19.07.2021 година се вклучи како административна и логистичка поддршка на ЈЗУ Здравствен дом Охрид во процесот на вакцинација во модуларната болница во Охрид. Со оваа активност, даваме директна поддршка на Министерство за здравство во справувањето со Ковид-19, а како организација покажуваме грижа за заедницата и здравјето на сите.

## КРВОДАРИТЕЛСТВО

**Реализација 2021**
Со реализирани 16 крводарителски акции и собрани 1324 крвни единици за 2021 година беа задоволени потребите за крв и крвни продукти на пациентите во здравствените институции во Охрид.
За време на пандемијата КОВИД 19 се одржаа сите предвидени акции според Интегралниот план за 2021 наменети за граѓанство. Сите акции се организираа и одвиваа согласно упатства за примена на мерките за заштита од КОВИД-19, изготвени од Црвен крст на Република Северна Македонија

**17март Денот на крводарителството во РСМ**
Оваа година поради настанатата ситуација со пандемијата КОВИД19 традиционалната свеченост по повод 17ти март, Денот на крводарителството и Денот на Црвениот крст на Македонија, и свеченото доделување на јубилејни признанија беше не се одржа.
Поради новонастанатата ситуација, се известија сите крводарители кои се добитници на јубилејни признанија за крводарување, дека благодарниците ќе им бидат врачени по завршувањето на мерките за безбедност.

# ПРВА ПОМОШ

Во текот на 2021 година беа реализирани 16 обуки по прва помош во работни организации на кои беа обучени 134 кандидати, како и 70 обуки по прва помош за кадидати за возачи на моторни возила на кои беа обучени 931 кандидати. Обуките по прва помош за кандидати во работни организации и за кандидати за возачи на моторни возила ги спроведуваат лиценцирани инструктори-тренери и демонстратори по прва помош, според соодветна програма за обука.

**Светскиот ден на Прва помош**

Под мотото вБиди херој во твоето училиштег Црвен крст Охрид на 16.09.2021 г. го одбележа Светскиот ден на прва помош. Тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид презентираа знаења, техники и вештини за укажување прва помош, демонстрираа санирање на повреди и ги информираа граѓаните и ја промовираа суштинската важност на првата помош.

**Обуки за прва помош на наставен кадар**

Црвен крст Охрид како едно од своите приоритетни заложби го има ширењето на знаењата и вештините за укажување на прва помош со цел тие да бидат достапни за сите, како хуманитарен акт кој ги овластува луѓето да спасуваат животи и да помогнат во закрепнување од нагло настанати заболувања или повреди. Поседувањето на вештини за укажување на прва помош ги зголемува индивидуалните капацитите на секој човек за преземање на брза акција со цел намалување или стабилизирање на сериозни повреди и ги зголемува шансите за преживување на повредениот.

Училиштата во која се одвива образовниот процес и се спроведува настава, се многу значајна и сензитивна средина во однос на несакани состојби поврзани со здравјето на учениците и наставниот кадар. Токму затоа, од исклучителна важност е учениците, а особено наставниците, да имаат знаења и вештини за навремено и правилно укажување на прва помош.

Во таа насока, Црвен крст Охрид одржа бесплатна обука за укажување на прва помош за наставниот кадар во основните и средните училишта во Охрид и Дебрца. Обуката се спроведе во периодот од 5 до 8 октомври 2021 г., од страна на пет лиценцирани инструктори-предавачи по прва помош, онлајн, преку платформа ЗООМ и беа опфатени вкупно 266 учесници.

На обуката беше презентиран и британскиот прирачник по прва помош кој е компилација на искуството и добрите практики, напишан и одобрен од стручни лица на водечките организации во Г. Британија од областа на првата помош. Советите содржани во прирачникот се темелат на најновите истражувања, а се обработени и прикажани на начин на кој се олеснува учењето.

Со цел реализација на Светски ден по прва помош под мотото IБиди херој во своето училиште и заедницав, Црвениот крст оваа година ги додели овие прирачници по прва помош на училиштата како би се покренала свеста и допринело за зголемување на постоечки знаења и стекнувања на нови во областа на прва помош.

**Обука за прва помош за волонтери на вакциналните пунктови**

Во период од 19.11 до 21.11.2021 во организација на Црвен крст Охрид, во х.Белведере се оддржа обука за прва помош за волонтери кои помагаат на вакциналните пунктови. Опфатени беа вкупно 20 волонтери и тоа 4 од Битола, 4 од Струга, 3 од Кичево и 9 од Охрид. Таргет група беа волонтери што помагаат во процесот на имунизација против ковид-19 во вакциналните пунктови во својот град. Обуката ја реализираа д-р Ружица Ангелеска и Георги Ставрески. Акцентот на обуката беа можните повреди и состојби во вакциналните пунктови. Но беа предадени сите групи на повреди и можни итни состојби кои бараат неодложна прва помош во секојдневниот дел од животот на било кое место и во било кое време. На крајот од обуката, со помош на волонтерите од Црвен крст Охрид при Клубот на млади беа подготвени реалистични сценарија преку кој самите учесници имаа можност да се уверат во своите способности и стекнати вештини. А самите сценарија и третманот којшто го прикажаа учесниците беа доказ дека добро ја совладале материјата низ теоретските и практичните предавања и се подготвени за укажување основна прва помош

**Ангажмани на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид**

Повеќе од 55 ангажмани  и 180 помали интервенции на тимовите за прва помош на Црвен крст Охрид при медицинското обезбедување на најразлични културно забавни манифестации, спортски настани, фестивали бележиме во текот на 2021 г. Тимовите за прва помош при Црвен крст Охрид во текот на летната сезона обезбедуваа и 4 пливачки маратони,1 едриличарска регати и 1 нато вежба кои беа успешно завршени. Нашиот тим активно се грижеше за здравјето и безбедноста на сите посетители, давајќи неопходна прва помош на лицата кои имаат потреба од истата. Колапси, алкохолизирани лица, лица со посекотини, стомачни тегоби, беа само дел од состојбите на кои се укажуваше помош. Се обезбедуваа неколку настани во рамките на вОхридско летог, екипи на традиционалниот Илинденски пливачки маратон, концерт во Егоист, Аларм фест, пливачкиот подвиг на Александар Илиевски-препливувајќи го Охридското езеро, спортско-забавни атракции на бродот Армада и сл.

**Охрид трчат**

Од 04 до 06 јуни  по петти пат се одржуваше Атлетската манифестација  Охрид трчаТ, а волонтерите на Црвен крст Охрид водеа грижа за безбедноста и здравјето на натпреварувачите. И оваа година настанот помина во одлично расположение, забава и многу насмевки, а за беспрекорно да се одвива целиот тек на трката се погрижија многубројните волонтери на кои неизмерно им се заблагодаруваме. Црвен Крст Охрид се погрижи за безбедност и насочување на тркачите низ целата патека со преку 50 волонтери,  6 доктори, 2 сестри и 2 возачи

**Охрид Ултра траил**

Преку четиристотини учесници од 20 земји ги одмеруваа своите вештини и издржливост во планинско трчање на четири патеки и тоа Охрид Ултра Треил од 100 км., Галичица Ултра Траил од 60 км., Самотска Треил од 40 км. и Летница Треил од 22 км. на овогодинешниот Охридултра-треил маратон кој од 17 до 19 септември се одржа во Охрид и прекрасниот Национален Парк Галичица. Сето тоа беше предизвик за Црвен крст Охрид со своите тимови на спасители од Планинската Спасителна Служба, медицинските тимови составени од парамедици и лекари и бројни волонтери, 24 часа во континуитет да се грижат за безбедноста на учесниците на Охридултра-треил и посетителите на настанот со што придонесоа за успешна и безбедна реализација на истиот. Нашите тимови беа распоредени на 12 пунктови во НП Галичица и Охрид, интервенираа 11 пати за укажување прва помош и успешно ги пречекаа сите учесници на целта.

**Учество во НАТО ЕАДРЦЦ вежба вСеверна Македонија 2021г**

Црвен крст Охрид зеде учество на вежбата за управување со последици ІСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021в, организирана од Евро-атлантскиот центар за координација на одговор на катастрофи на НАТО и Центарот за управување со кризи на Република Северна Македонија која се одржа од 20 до 23 септември 2021 година.
Оваа вежба придонесе кон подобрување на подготвеноста на воените, полициските, пожарникарските и останатите служби за спасување во природни катастрофи и непогоди.
Црвен крст Охрид учествуваше со:

- Тимови за спасување на планина и на вода
- Парамедици
- Волонтери Ђ актери во вежбата
- Шминкери Ђ прикажување на реални повреди
- Тим за воспоставување на семејни врски
-

## СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНА ДЕЈНОСТ

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА**

Црвен крст Охрид под мотото вПомислете и на насг ја реализираше кампањата по повод Неделата на борба против гладта (16-22 октомври 2021 г). Активностите оваа година беа насочени кон поставување корпи низ поголемите маркети, каде што граѓаните можеа да донираат храна и средства за хигиена, како и вклученост на корпоративниот сектор со нивна донација во прехранбени и хигиенски производи.

Во текот на кампањата, со донација на финансиски средства се вклучија и Лајонс клуб  Десарети и Лајонс клуб Деницијa и неколку физички лица. Покрај тоа и Црвен крст Охрид со свои сопствени средства обезбеди помош за лицата од социјално најзагрозените семејства.
И оваа година, во одбележувањето на Неделата за борба против гладта изостана традиционалното прибирање на донации со продавање на вредносни бонови во средните и основните училишта на територија на општина Охрид и Дебрца.
Во текот на месец октомври, со почитување на мерките за заштита од Ковид-19, беа поделени 150 хуманитарни пакети со прехранбени продукти и средства за хигиена до ранливи групи граѓани од Општина Охрид и од Општина Дебрца.

**НЕДЕЛА НА СОЛИДАРНОСТ**
Црвен крст Охрид и оваа година традиционално се вклучи во одбележување на Неделата на солидарност (19 - 25 април 2021г) под мото вВашиот прилог - значајна помошг, а со цел подигање на нивото на свест на населението за потребната помош и поддршка на ранливото население.
По тој повод, на 28.04.2021 г. во пресрет на Велигденските празници, Црвен крст Охрид заедно со донаторите, брендот вОхридски бисер-Филевиг претставувана од Михајло Филев  и  Лајонс клуб Десарети започнаа со распределба на 180 хуманитарни пакети со прехрамбени производи и средства за хигиена наменети за 180 социјално загрозени семејства од Општина Охрид и Дебрца.
Беа поделени хуманитарни пакети со прехрамбени производи и средства за хигиена и пригодни подароци во пресрет на празникот Велигден и на дечињата од Здружението на родители на деца со посебни потреби вТајните на моето срцег.
Упатуваме голема благодарност до сите хумани граѓани кои во текот на оваа недела донираа прехранбени производи и средства за хигиена на собирните пунктови за прехранбени производи поставени низ поголемите маркети низ Охрид како и огромна благодарност што се вклучија со донации во рамки на Неделата на солидарност и до: Акцијашки клуб Брег на младоста, Тун папирус, Моби петрол, ЛТХ Леарница, Марија Коваческа.

**Активни тимовите за социјална помош и поддршка**
Пружена социјална помош и поддршка на семејства на опожарени објекти во Охрид, лица кои останаа без објект за домување беа помагани од волонтерите на Црвен крст Охрид преку целата година.

**Достава на прехрамбени производи од Жито леб**
И во текот на 2021 година, мобилните тимови на Црвен крст Охрид продолжија да ја спроведуваат хуманитарната акција на Општинскиот кризен штаб и на IЖито лебв за достава на продукти од овој познат производител на леб и бели печива до социјално загрозени домаќинства. Оваа активност се реализираше секој работен ден, во предпладневните часови, а беа опфатени ранливи семејства од повеќе категории кои се дел од евиденцијата на Црвен крст Охрид.

**Проект на ЦКРСМ - финансиска поддршка на ранливо население**
Во рамки на имплементацијата на активноста за доделување еднократна финансиска помош на ранлива целна група (семејства кои имаат дете со посебни потреби) од Проектот за одговор на предизвици за КОВИД 19, финансиран од Меѓународна Федерација на ЦК и ЦП, во период од 22 до 25.05.2021 г., волонтери на Црвен крст на Република Северна Македонија-Општинска организација Охрид имаа задача да ги анкетираат семејствата од оваа целна група.
Активноста вклучуваше теренски посети и пополнување прашалници од страна на семејствата на децата со посебни потреби, со цел користење на наменетата еднократна финансиска помош.
Во Општина Охрид и Дебрца беа опфатени вкупно 33 семејства кои ги исполнуваат критериумите.
Целиот проект вклучува вкупно 750 таргетирани семејства низ територијата на државата кои спаѓаат во оваа категорија. На истите ќе им биде доделена финансиска помош во текот на следниот месец.

**Хуманитарна помош**
Општина Охрид и Дебарско кичевската епархија во период од 11 до 15.01.2021 година  доделија 120 хуманитарни пакети наменети за социјално ранливите семејства од подрачјето на општината. Оваа

активност е дел од одбележувањето на богојавленските празници. Хуманитарните пакети беа доставени до семејствата од страна на екипите на Црвен крст Охрид и мобилните тимови на Општина Охрид.

**Донаторска активност за помош на малиот Илче Василески**.
Охридска банка во координација со Црвен крст Охрид, ја набави првата неопходна количина од потребната храна и пелени за малиот Илче Василески и ги доставивме на Детската клиника во Скопје каде во моментов тој се наоѓа.

**Дистрибуција на хуманитарна помош**
Во период од 15 до 19.03.2021 година волонтерите на Клубот на Млади заедно со стручната служба на Црвен Крст Охрид поделија 150 пакети со храна и 150 пакети со хигиенски средства. Пакетите беа обезбедени преку проект ИФЦР 3. Посетени беа 150 семејства од општина Охрид со околните села и општина Дебрца. Во пандемијата многу семејства останаа без храна, а кризата со пандемијата продолжува негативно да влијае на нивното секојдневие. Нашата организација и понатаму сигурно и амбициозно чекори и ја исполнува хуманата мисија на Црвениот крст.

**Дистрибуција на хигиенски производи и лектири за ранливи семејства**
Во рамки на проектот поддржан од МТСП и Светска банка, ЦКРСМ потпиша договор за реализација на проект за поддршка на 55.488 социјално ранливи семејства со хигиенски производи и лектири, во насока за полесно справување со Ковид-19. Пакетите беа наменети за ранливи семејства на територија на цела држава, според списоци добиени од МТСП. Во период од 15 до 30.08.2021 година преку 15 волонтери на Клубот на Млади заедно со стручната служба на Црвен Крст Охрид дистрибуираа: 911 хигиенски пакети; лектири: 16 комплети за 8 год., 44 комплети за 9 год., 37 комплети за 10 год., 38 комплети за 11 год.

**Дистрибуција на хуманитарни пакети и инвалидски колички**
Црвен крст Охрид на ден 22.04.2021 година донираше хуманитарна помош составена од 35 хигиенски пакети и две инвалидски колички за деца. Донацијата е наменета за Ковид центрите во Општа болница Охрид и ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-вСвети Стефанг Охрид. Хуманитарната помош е обезбедена преку ЦКРСМ, Турската Црвена Полумесечина, во соработка со МТСП на РСМ.

**Донација на неинвазивни респиратори**
Црвен крст Охрид на ден 07.06.2021 г. предаде донација на ЈЗУ Општа болница - Охрид. Донацијата се состои од четири неинвазивни респиратори од марката ЦОВИДАИР С/Т од компанијата БЦД мицротецхниљуе СА на чело со Цедриц Пахуд, обезбедена преку Црвен крст на Република Северна Македонија - Општинска организација Делчево.

**Дистрибуција на информативен флаер**
Црвениот крст на Република Северна Македонија во соработка со Институтот за јавно здравје (ИЈЗ) на РСМ и регионалната кацеларија на СЗО за Европа, а во рамките на проектот за градење на капацитетите за зголемување на капацитети за следење и комуникација за КОВИД-19 во Северна Македонија изработи едукативно информативен флаер за учениците за основни и средни училишта во РСМ. Волонтерите од Црвен крст Охрид ги дистрибуираа едукативно информативните флаери со наслов ддДа ги зачуваме училиштата безбедни, со цел да се спречи ширење на КОВИД-19 меѓу учениците,, , во сите основни и средни училишта во општина Охрид и Дебрца.

**Донација на играчки**
По повод Отворениот дан на граѓанското образование, една од активностите на учениците од ООУ ІГригор Прличевв Охрид беше и хуманитарна акција Ђ донација на играчки во Црвен крст Охрид. Одговорен наставник за оваа акција беше Мира Групчева. Донираните играчки беа дистрибуирани до дечиња од семејства во социјален ризик.

**Бесплатни оброци за социјално ранливи категории**
Во рамки на активностите за проектот вУчилишна иницијативаг, учениците од РЦСОО ІВанчо Питошескив-Охрид реализираа и хуманитарна акција подготвувајќи бесплатни оброци за семејства во социјален ризик од Охрид на ден 22.12.2021 год., беа доставени од волонтерите на Црвен крст Охрид.Со љубов приготвени, со љубов подарени!

**Хуманитарни пакети**
Со поддршка на невладината организација Темпларски ред, Велик Приорат Македонија беа обезбедени и поделени 20 хуманитарни пакети на семејства во социјален ризик од Охрид, како и и 50 новогодишни пакетчиња на децата од тие семејства.

**Хуманитарна акција Волшебна елка**
Црвен крст Охрид организираше хуманитарна акција во соработка со КАМ Виллаге, преку која граѓаните заедно со волонтерите имаа шанса да ги израдуваат дечињата кои живеат во социјален ризик. ВОЛШЕБНАТА ЕЛКА беше поставена во КАМ Виллаге , а на неа стоеа лампиони со скромните желби на дечињата
На ден 26.12.2021 во Центарот КАМ Виллаге во Охрид во рамки на оваа хуманитарната акција ІВОЛШЕБНА ЕЛКАв, преку 50 деца од Охрид и Дебрца добија новогодишни подароци како остварување на своите новогодишни желби. Подароците беа обезбедени од страна на нашите хумани сограѓани кои во периодот од 13 до 23 декември избираа лампион со желба искажана од секое дете, од ВОЛШЕБНАТА ЕЛКА поставена во КАМ Виллаге. Во прекрасен новогодишен амбиент дечињата уживаа во музичките изведби на детскиот хор при фолклорниот ансамбал ІБисерив, танцуваа со волонтерите на Црвен крст Охрид, ги избираа цртежите кои тетка Анета Кловнета им ги црташе на нивните лица, цртаа свои креации на хартија и секако се радуваа на остварувањето на своите посакани новогодишни желби, поделени како подароци од страна на волонтерите од Клубот на млади на Општинска организација Охрид и новогодишни пакетчиња обезбедени од КАМ Виллаге. Изразуваме благодарност до нашите хумани сограѓани кои учествуваа во хуманитарната акција на Црвен крст Охрид ІВОЛШЕБНА ЕЛКАв и овозможија да се исполнат новогодишните желби и израдуваат многу дечиња од Охрид и Дебрца

**Новогодишни подароци за Здружението вТајните на моето срцег**
Во рамки на хуманитарната акција ІВОЛШЕБНА ЕЛКАв, на 30.12.2021 беа посетени дечињата од Здружението вТајните на моето срцегкои си добија новогодишни подароци како остварување на своите новогодишни желби. Подароците беа обезбедени од страна на нашите хумани сограѓани кои во периодот од 13 до 23 декември избираа лампион со желба искажана од секое дете, од ВОЛШЕБНАТА ЕЛКА поставена во КАМ Виллаге.

**Регионален саем на социјални претпријатија**
На 26 ноември 2021 година, Црвен крст Охрид зеде учество на првиот Регионален саем на социјалните претпријатија од Југозападниот плански регион, во организација на Регионалниот центар за поддршка на социјални претпријатија и проектот ІПоддршка на социјалните претпријатија". На овој саем, социјални претпријатија и невладини организации кои се занимаваат со некоја економска активност ги презентираа своите идеи и потенцијали, а се одржа и тркалезна маса за можности за раст на најиновативните социјални претпријатија во регионот, преку обезбедување финансиска, менторска и друга поддршка од страна на разни чинители. Саемот се одржа во Центарот за култура ІГригор Прличевв Охрид.

**ГРИЖА ЗА СТАРИ ЛИЦА**
Програмата на грижа за стари лица на Црвен крст Охрид ја спроведуваат 15 возрасни волонтери на Црвен крст Охрид кои со подршка на стручната служба опслужуваат повеќе од 50 стари лица (свои врсници) во Охрид и Дебарца со обезбедување на најразлична помош. Групата волонтери за поддршка на старите лица со своето искуство од различни области на живеењето, своите вештини и креативност беа вклучени во голем број хуманитарни настани кои ги реализира Црвен крст Охрид.

**Меѓународен ден на стари лица и Недела на грижа на стари лица**
Во рамки на глобалната кампања за борба против дискриминација по основ на возраст (агеисм) под мотото #СветЗаСитеВозрасти (#АЊорлд4АЛЛАгес) иницирана од Светска здравствена организација која траеше од 1ви октомври до 20ти ноември, како и во рамки на одбележување на вНеделата на грижа на стари лицаг (15-21 ноември) Црвен крст Охрид под мотото вСите сме нивни децаг оствари бројни активности:
На 04.10.2021 д-р Виолета Мојсовска од ЈЗУ Специјализираната болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања -Охрид како дел од одбележување на Светскиот ден на срцето одржа едукативно предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица вНајди времег. Презентацијата беше насочена кон запознавање на присутните со кардиоваксуларните заболувања, нивните симптоми, дијагностички прегледи како и третман и терапија. Посебно внимание беше посветено на едукација за зголемениот ризик од компликации на Цовид 19 кај пациентите со кардиоваскуларни заболувања и давање на препораки за заштита и подобрување на квалитетот на животот кај оваа група на пациент
На 18.10.2021 д-р Соња Стурлакова Димовска одржа едукативно предавање на корисниците и волонтери од Програмата - Грижа за стари лица - "Најди времег, а овогодинешната тема беше вЗдрави животни навики и дијабетотг. Предавањето има за цел подигнување на свеста на населението, за тоа што претставува дијабетот, колку е застапен во светот и превенција од појава на шеќерна болест преку промовирање на здрави животни навики.
На 18.10.2021 во просториите на Црвен крст Охрид волонтерите од Програмата - Грижа за стари лица - вНајди времег организираа литературно читање на поезија и проза, лична и избрана поврзана со хуманоста и дадената глобална тема на заедничкиот пристап на сите генерации во хуманизирање на животот со инклузивни модели и чекори.
На 20.10.2021 во рамки на Неделата на борба против гладта(16-22.10.2021) беа поделени хуманитарни пакети со прехрамбени производи на старите лица кои се корисници од Програмата - Грижа за стари лица - вНајди времег.
На 12.11.2021 и 15.11.2021 во рамките на одбележувањето на Неделата на грижа за старите лица се одржаа две работилници од едукативен, креативен и забавен карактер. Беа разработени следните приоритетни области: дисеминација, физичка активност и правилна исхрана, ментално здравје и психо-социјална поддршка, активно страење и промовирање на здрави животни стилови. Основната цел на овие интерактивни работилници беше унапредување на квалитетот на здравјето, создавање на потенцијал за добро здравје и унапредување на лични вештини за грижа за сопственото здравје. Работилниците беа водени од страна на долгогодишните волонтери Ранко Раткушиноски (психолог) и Катерина Наумоска (политиколог).
Во рамки на активностите посветени на Меѓународниот ден на стари лица (1 Октомври) и на Неделата на грижа за стари лица (15-21 Ноември), Клубот за грижа за стари лица при Црвен крст Охрид објави литературен и ликовен конкурс на тема вЗаедно за убав и хуман светг и на истиот учествуваа учениците од основните и средните училишта на општина Охрид. Во просториите на Црвен крст Охрид на ден 22.11.2021г. со спроведување на сите пропишани мерки и протоколи за заштита од Ковид-19 се одржа свечено доделување на благодарници и пригодни подароци на наградените ученици за литературни и ликовни творби.

**Новогодишни подароци за стари лица**
На ден 27.12.2021 година, волонтери од Програмата за грижа на стари лица гНајди времег при Црвен крст Охрид, ги посетија своите корисници и им подарија пригодни новогодишни подароци.

**Промоција на книга вВпечатоци за хуманостаг**
На 24 јуни, денот кога, далечната 1859 г. се водешеботката во Солферино, Италија и кога кај големиот хуманист Анри Динан се роди идејата за формирање на движењето на Црвениот крст, 162 години подоцна, во прекрасен амбиент на сината езерска шир на Охридското езеро, пред бројни волонтери, активисти, пријатели на Црвениот крст, беше промовирана книгата IВпечатоци за хуманостав, од авторот Љупчо Милкоски и коавторот Миле Трпеноски, а во издание на Црвен крст Охрид. Станува збор за книга со богата содржина исполнета со хуманизам и човечност што се одвивал и се одвива, овде, во Охрид и Македонија, со

оставени и подарени искрени впечатоци и чувства на луѓе од сите страни и простори на светот, кои со текст или слика искажале благодарност за односот кон нив, висока почит за делата на Црвениот крст Охрид, како и восхит од природните убавини, реткости, културно-историското наследство и вредностите на Охрид, Охридското езеро и овој регион во целина. Книгата, IВпечатоци за хуманостаг, преку Црвен крст Охрид ги претставува жителите на Охрид и Македонија кои во најсветлата хумана нишка успешно се справувале со предизвиците: однос кон жртви, раселени лица, бегалци, гладни и сиромашни, бездомници, изнемоштени и лица со посебни потреби, од различна боја, раса, нација, вера. Оваа книга претставува сведоштво за хуманите дела на Црвен крст Охрид на генерации хуманисти кои оставиле неизбришливи траги како поттик за сегашните и идните генерации во стремежот да се одговори на предизвиците на новото време, со негување и чување на принципите и вредностите на движењето на Црвениот крст. Дел од присутните ги напишаа своите впечатоци за хуманоста во новата книга на впечатоци која од овој ден е отворена во Црвен крст Охрид.

**ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

Трговија со луѓе или Модерно ропство е сериозен општествен проблем и е најтешка форма на кршење на основните човекови права - правото на живот, на слободно движење, на слобода на избор и други права и слободи. Овој тежок криминал е застапен и во нашата држава. Црвениот Крст оддржува превентивни активности кои имаат за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

Младите врснички едукатори за Трговија со луѓе од Црвен крст Охрид направија ОНЛАЈН кампања на платформата Инстаграм преку интерактивен квиз, загатки, прашања и пренесување точни информации, а на квизот учествуваа над 200 следачи на инстаграм.Најголем дел од информираните следачи се млади луѓе, кои и всушност се најчеста мета на модерното ропство. На редовен состанок од Клубот на Млади на 20.10.2021 година беше одржана едукација на 15 млади волонтери од страна на нашите обучени врснички едукатори Василија Јовчески и Теа Петковска со цел поткревање на свеста и методи за заштита на младите од модерното ропство. Волонтерите научија повеќе за фазите на трговија со луѓе, за начините на кршење на ланецот и последиците.

## ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Обуки за спасители на вода организирани во 2021**

Центарот за безбедност на вода, во соработка со одделот за дејствување при катасторфи на ЦКРСМ организираше обука за спасители на отворени води во период од на Охридското езеро каде беа обучени спасители на вода. Обуките се реализираа под водтсво на инструкторите и демонстраторите :

**Ангажмани 2021**

Центарот за безбедност на вода Охрид во 2021 година, односно во текот на летната туристичка сезона имаше ангажирано 30 спасители на вода, кои се грижеа за безбедноста на посетителите на 12 капалишта на Охридското езеро и 3 базени и патролно покривање на 5 капалишта со двајца спасители со спасителен чамец и двајца парамедици. За време на двомесечниот ангажман спасителите на вода имале вкупно 450 интервенции и тоа 7 пати интервенирале на извлекување на активни давеници, еднаш на извлекување на пасивен давеник и 860 помали интервенции на укажување прва помош, 5 интервенции со спасителен чамец на давеници и пловни објекти, 2 потраги по изгубени деца.

Во текот на летната сезона 2022 се бележат и ангажмани на преку 15 спасители на вода на 4 пливачки маратони, една едриличарска регата, и забавно-рекреативни содржини во вода на бродот Армада. 10 спасители на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на НАТО - ЕАДРЦЦ меѓународна вежба IСЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 2021в која во организација на НАТО ЕАДРЦЦ - Евроатлантскиот Центар за координација за одговор при катастрофи (ЕАДРЦЦ) и Центарот за управување со кризи (ЦУК) се реализира од 19 до 25 септември 2021 г.

Спасителите на вода на Црвен крст Охрид беа ангажирани и на други бројни спортски, културно-забавни и верски манифестации во текот на годината: Водици, Охрид траил, музички настани во охридските ноќни клубови ,...

**Патролни обиколки на спасители на вода**
На барање на Локалната самоуправа од Охрид и Градоначалникот на Охрид, Црвен крст Охрид ангажира тим на спасители на вода кои, почнувајќи од 13 јули 2021 г. кои секојдневно вршеа патролни обиколки со спасителен чамец на вода, со велосипеди или пеш на копно, на дел од, таканаречените слободни капалишта на Охридското езеро. Секој ден во периодот од 11 до 19 ч. спасители на вода патролираа на потегот од плажа Горица 3, плажа Славија, плажа Акапулко, плажа Лагадин, плажа Корали и ќе интервенираат во случај на потреба. За време на викендите и празниците, кога се очекуваше зголемен број на посетители на капалиштата, тимот на спасители беше придружуван и од тим на парамедици кои укажуваа прва помош во случај на потреба. Црвен крст Охрид свои спасители на вода имаше поставено и на плажата во Св.Наум, на плажата на АК Љубаништа, на плажите Градиште 1 и 2, плажа Оревче, плажа Десарет, плажа Метропол-Белви, плажа Инекс, плажа Голден и на базенот во СРЦ Билјанини извори.

**ПЛАНИНСКА СПАСИТЕЛНА СЛУЖБА**
Покрај редовните работни обврски за имплементација на вториот проект финансиран од Европската Унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија, со кој Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид ја набави опремата за спасување во зимски услови. Ова во голема мера придонесе за успешна реализација на голем број спасувачки операции и асистенции во текот на 2021 година.
Планинската спасителна служба во текот на 2021 година на СОС бројот 13-112 регистрира 50 повици, од кои 12 беа за повредени лица, 25 асистенции за извлекување на заглавени возила на планината Галичица, 2 асистенции за спасување домашни миленичиња, а во останатите повици дежурните тимови асистираа преку СОС телефонот, со совети за безбедна евакуација на лица од планина.
Исто така, Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид во текот на 2021 година реализираше бројни тренинзи за употреба на новата специјализирана опрема за спасување во зимски услови, како и обуки со армискиот воздухопловен ВИНГ за делување во спасувачки операции каде е потребно извлекување на повредени лица со воздухоплов.
Со одобрение на Министерството за Одбрана и Генералштабот на Армијата, Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид започна многу значајна соработка со армискиот воздухопловен ВИНГ, која во иднина ќе се продлабочува, со цел зголемување на ефикасноста и економичноста на спасителните операции. Соработката ја започнавме како дел од проектните активности на проектот IНови можности за безбеден зимски авнтуристички туризамв, финансиран од Европската Унија, ИПА програмата за соработка со Албанија, кој има за цел, зголемување на ефикасноста на ПСС во прекуграничниот регион, а со тоа и безбедноста на посетителите и локалното население во регионот. Обуката ја заокруживме со показна вежба за изведување на една од најкомплексните операции во планинското спасување, односно извлекување на повреден од вертикална карпа, со помош на хеликоптер. Показната вежба беше организирана, со цел презентација на значењето на цивилно-воената соработка, во случај на деликатни несреќи, кога е неопходно здружување на сите расположливи ресурси, за безбедно и ефикасно изведување на операциите за спасување.
За вежбата беше разработено сценарио според кое двајца параглајдеристи, поради лоши временски услови, завршуваат едниот закачен на карпа висока 30-тина метри, а другиот во водите на Преспанското Езеро. Согласно сценариото, Оперативниот центар на ПСС добива СОС повик од посетители на плажата во Стење, со информација дека двајцата параглајдеристи доживеале несреќа. Со оглед на природата и комплексноста на несреќата, Оперативниот Центар на ПСС прави проценка дека за ефикасно изведување на операцијата, е неопходно вклучување на хеликоптер и специјализирани тимови за спасување од вода, по што веднаш се испраќа барање до командата на армискиот воздухопловен ВИНГ. Веднаш се подготвува хеликоптер МИ17, кој заедно со припадници на армиските специјални единици се упатува во Охрид, од каде по 45 мин. го зема тимот на ПСС и за 10 мин. стигнуваат на местото на несреќата. Додека тимот на ПСС спроведува имобилизација на повредениот на карпа, со помош на специјализирано мултифункционално транспортно средство, армиските тимови го евакуираат лицето од водите на Преспанското Езеро. Откако параглајдеристот на карпата е целосно имобилизиран и подготвен за транспорт, тимот на ПСС го повикува хеликоптерот, кој со витло го подигнува повредениот директно од карпата.
Во текот на септември во Охрид се одржа меѓународната НАТОЂ ЕАДРЦЦ вежба за одговор при катастрофи, во која ПСС учествуваше во две сценарија за спасување на повредени при авионска несреќа и за повредени при пад на тандем параглајдер на непристапен терен. Волонтерите на Црвен крст Охрид заедно со членовите од Планинската спасителна служба во периодот кога градот го зафати студениот бран по дојава

на жители од околните рурални средини во неколку наврати ги посетија и им дистрибуираа прехранбени и хигиенски производи како и лекарства, кои не беа во можност самите да ги набават поради големата снежна покривка.

**Промоција на новите специјализирани возила и опрема за спасување во зимски услови**

На ден 27.01.2021 г. на кејот на Охридското езеро беа промовирани новите специјализирани возила и опрема за спасување во зимски услови, наменети за потребите на Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид и Алпинистичкиот клуб ПАТАГОНИЈА од Охрид, како и за локалните тимови од општините Дебрца и Грамш. Опремата е набавена со финансиски средства од Европската Унија, преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Албанија, во рамки на проектот ІНови можности за безбеден зимски авантуристички туризамв.

Со овие возила и опрема, Планинската Спасителна Служба го заокружува процесот на опремување за комплетна мобилност во сите годишни времиња и метеоролошки услови, а со опремувањето на локалните тимови во Општините Дебрца и Грамш, значително се проширува територијалниот опфат и ефикасноста на спасителните операции во иднина.

На промоцијата, свои обраќања имаа Претседателот на Општинска организација Охрид, Г-дин Сашо Точков, Министерот за локална самоуправа на РСМ Г-дин Горан Милевски и Евроамбасадорот во РСМ Н.Е. Дејвид Гир, кои изразија задоволство од успешноста на проектите со кои се воспостави оваа регионална Планинска Спасителна Служба согласно највисоките меѓународни стандарди и ја потенцираа важноста од активно вклучување на локалните самоуправи во нејзината идна одржливост.

По официјалниот дел, гостите имаа можност да ги разгледаат возилата и опремата, придружувани од припадниците на ПСС, а високите претставници на Центарот за Управување со Кризи, Дирекцијата за Заштита и Спасување, Единицата за Специјални Задачи при МВР, Хеликоптерското одделение при МВР и Военото Воздухопловство, го посетија оперативниот и тренинг центар на Планинската Спасителна Служба и разговараа за продлабочување на соработката, со цел поголема ефективност на спасителните операции во иднина, не само во охридскиот регион, туку и пошироко.

Се упатува особена благодарност до Делегацијата на Европската Унија во РСМ и Министерството за Локална самоуправа, не само за финансиската поддршка, туку и за заложбите и активната вклученост во процесот за интеграција на ПСС во државниот систем за заштита и спасување, како и во напорите за ефикасно и брзо прекугранично делување.

Целта на проектот е промоција на социо-економскиот развој на охридско-преспанскиот прекуграничен регион, преку одржлив развој на туризмот, со особено внимание за создавање деловни можности за урбаните и руралните области, како и понуда на различни туристички пакети и промоција на високи стандарди за безбедност во туризмот.

Имплементацијата е почната на 1 ноември 2019 година и ќе се спроведува три години, а вкупниот буџет на проектот изнесува 692.000 евра, од кои 588.200 евра се грант од ЕУ, а останатите средства се обезбедени со кофинансирање од страна на споменатите партнери.

Ова е продолжување на претходно реализираниот проект ІРегионот Охридско Езеро Ђ Безбедна дестинација за авантуристички туризамв, со вкупен буџет од 415.000 евра, со кој се воспоставија две спасителни служби: служба за спасување на вода во Поградец, Албанија и служба за спасување на планина во Охрид. Беше набавена опрема за овие служби и се организираа обуки за спасување на вода во Поградец и за спасување на планина во Охрид. Се изгради и современ оперативен и тренинг центар за Планинската спасителна служба во Охрид

Во досегашните активности на овој проект обележана е прекугранична планинарска патека од планинарскиот дом во селото Брежани, општина Дебрца до општина Грамш, реконструирано е старото училиште во општина Дебрца и во тек е негова пренамена во планинарски дом, направен е авантуристички парк во близина на планинарскиот дом на Галичица, како и пречистителна станица за планинарскиот дом. Исто така поставен е мониторинг систем за посетители во националниот парк ІГаличицав.

Проектот има за цел Охрид да биде сигурна дестинација и да биде етаблиран како туристичка дестинација особено во планинскиот предел од двете страни. Затоа, Црвен крст Охрид ја има клучната улога за во секој момент на некаква опасност од страна на туристот да можат да го спасат.

Преку проектот ІНови можности за безбеден зимски авантуристички туризамв планирано е развивање на промотивни материјали: водич, мапи, мобилна апликација и веб страна, набавени се возила за зголемување

на капацитетите на општините со цел поддршка на ново поставената инфраструктура, како и теренски возила и опрема за спасување во зимски услови. Планирана е набавка на специјализирана опрема за спасување за потребите на хеликоптерската единица при МВР, обука на спасувачи на планина во Албанија според стандардите на ИЦАР (Интернатионал Цоммиссион фор Алпине Ресцуе), обука на спасувачите од Планинската спасителна служба за употреба на опремата за спасување во зимски услови и креирање на работна група за олеснување на прекуграничните процедури во случај на интервенција на Планинската спасителна служба на територијата на Албанија.
Спасувањето човечки животи, безбедноста на спасителите и ефикасноста на нашите спасителни операции, секогаш се наш приоритет.
Новите возила и опрема, значително ќе го зголемат капацитетот на Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид, за делување во зимски услови.

**Златен сертификат за волонтерство во 2021 година**

По повод 5-ти декември, Меѓународниот ден на волонтерството, Младинскиот културен центар Битола (Волонтерски центар на Македонија) го додели Златниот сертификат за волонтерство во 2021 година на Планинската спасителна служба при Црвен крст Охрид. МКЦ Битола ги доделува Националните волонтерски награди од 2006 година со цел оддавање на јавно признание на волонтери кои се вклучуваат за доброто на својата заедница, помагаат на други и ја промовираат солидарноста, хуманоста и сите позитивни вредности на волонтерските активности.Националната волонтерска награда, МКЦ Битола ја додели на ПСС Охрид за реализираните операции во текот на изминатата година. Планинската спасителна служба годинава реализираше 12 спасителни операции за извлекување и помош на повредени лица, 25 асистенции за извлекување на заглавени возила во снег на Галичица, 2 спасителни операции за извлекување на домашни миленичиња, а учествуваше и во гаснење на шумскиот пожар на планината Галичица, асистирајќи им на надлежните служби. Волонтерскиот ентузијазам, владеењето на алпинистичките вештини и стремежот за исполнување на највисоките светски стандарди, поткрепени со доверба од институциите и заедницата, секогаш резултираат со квалитет.

**Признание на Планинската Спасителна Служба**

На ден 29.12.2021 година, на годишната ревија на настани за 2021, која порталот Охрид Нењс ја организира традиционално на крајот од секоја година, Планинската Спасителна Служба при Црвен крст а Охрид, доби признание ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА. Антонио Додевски, Раководителот на ПСС, за време на свеченото доделување на признанијата, од името на сите волонтери изрази голема благодарност до Охрид Нењс, за доделеното признание, особено затоа што доаѓа на јубилејот од 15 годишното постоење на порталот, кој во изминатите години прерасна во вистински синоним за објективност во информирањето. Честитки до редакцијата од Охрид Нењс на јубилејот и да им посакаме уште долго време да бидат пример за коректноста и објективноста во информирањето.

**Евакуациски вежби**

Во текот на месец ноември 2021 г. во координација и со поддршка на СВР Охрид, ТППЕ Охрид, ДЗС, ЦУК, Црвен Охрид, основните и средните училишта од Охрид и Дебрца ги увежбуваа и применуваа своите Оперативни планови за заштита и спасување и плановите за евакуација според соодветно сценарио за случена елементарна непогода, со цел да се подигне нивото на подготвеност и координираност за соодветно, навремено и ефикасно делување во случај на несреќи.
Овие активности беа заокружена со финална показна вежба за евакуација и спасување на ден 15.12.2021 која се одржа во ОУ ІХристо Узуновв Охрид. Симулациската вежба се реализираше според соодветно сценарио на случена елементарна непогода и во реално време пристигнување и делување на тимовите на институциите кои беа вклучени: Сектор за внатрешни работи Охрид, Територијалната противпожарна единица Охрид, Здравствен дом Охрид-Итна медицинска помош, Црвен крст Охрид-тим на Планинската спасителна служба, тимовите на парамедици, тим за реален приказ на повреди и тим на служба барање, како и службите на Центарот за управување со кризи-ПО Охрид и Дирекцијата за заштита и спасување-ПО Охрид.
Според сценариото за елементарна непогода, целта беше, учениците, професорите и техничкиот персонал во училиштата да се запознаат и ги разработат начините на заштита и насоките на движење при евакуација од

училишната зграда, после случен земјотрес и пожар. Симулацијата претставува законска обврска која секоја институција треба да ја прави на две години. Сите институции се задолжени да имаат технички обучен кадар за постапување при случај на елементарна непогода и задолжително да имаат План за евакуација.
Ваквите активности се наменети за да се подигне севкупната безбедност во и околу училиштата посебно од аспект при заштита од елементарни непогоди.

**Симулациска показна вежба на повредени од експлозија на петарди**

Соработката на СВР Охрид-Одделението за превенција и Црвен крст Охрид продолжи и во делот на превенцијата на ризиците предизвикани од употребата на пиротехнички средства. На 18.12.2021 г. на градскиот плоштад во Охрид припадници на СВР Охрид-Одделение за превенција и волонтери на Црвен крст Охрид делеа едукативни материјали за опасностите и последиците од користењето на петарди и други пиротехнички средства, со потсетување дека употребата на пиротехнички средства се казнува, а нивната продажба е нелегална. Во тие рамки беше изведена и симулациска показна вежба на повредени од експлозија на петарди со приказ на повреди на шака од експлозијата и укажување на прва помош при таква повреда, од страна на парамедиците на Црвен крст Охрид. ІПетардите не се играчкав е пораката која организаторите на овој настан ја упатуваат до децата, но и до родителите, со апел за грижа за безбедни новогодишни и божиќни празници. Вакви и слични активности во наредните денови ќе бидат реализирани и во дел од основните училишта во Охрид

**Активно учество во Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и РЦУК Охрид**

Во 2021 година, Црвен крст Охрид зеде активно учество во работата на Штабот за заштита и спасување при Општина Охрид и во Регионалниот Центар за управување со кризи РЦУК Охрид.

## МЛАДИТЕ ВО ЦРВЕНИОТ КРСТ

**МЛАДОСТ, КРЕАТИВНОСТ, ЕНЕРГИЈА**

Младите волонтери на Црвен крст Охрид беа вклучени во најголемиот број активности од сите сфери на делување на Црвен крст Охрид. Нивната посветеност, креативност и енергија беа двигатели на активностите во Црвен крст Охрид. Препознавајќи ја можноста да се изградат како високо морални, совесни и одговорни луѓе, да стекнат нови знаења и вештини од најразлични области, младите масовно пристапуваат и се дел од Црвен крст Охрид. Организирани во Клуб на млади тие даваат драгоцен придонес во развојот на нашата организација.

**Бројни активности на младите**

Младите на Црвен крст Охрид учествуваа во организација и реализација на бројни активности од делот на здравствено-превентивната дејност: врснички едукативни работилници за болестите на зависност, сексуално преносливите болести, подигање на нивото на свеста кај населението за ретките болести. Нашите младинци успеваа навремено да стигнат до најодалечените места за да помогнат со достава на хуманитарни пакети и друга помош на ранливите категории на граѓани. Беа активни учесници во подготовка и реализација на бројни хуманитарни концерти, продажни изложби, спортски хуманитарни настани, едукативни работилници.
Сепак, поради ситуацијата со КОВИД-19, голем дел од нивните планови и визии не се оствариja. Немајќи доволно услови за состанување и дополнителни активности во живо, нашите волонтери се трудеа да ги исполнат најдобро редовните и традиционални активности .

**Недела на млади**

Младост, хуманост, позитивна енергија ширеа младите волонтери на Црвен крст Охрид, овојпат од платото пред Центарот за култура ІГригор Прличевв каде во прекрасно дружење, многу едукативни и креативни содржини и забава го одбележаа својот Ден на млади Ђ Ѕоутх Дas на 03.10.2021 година.
ІНАШАТА ПРИКАЗНА ПРОДОЛЖУВАв беше мотото на овој настан кој привлече многу посетители, особено од редот на младите од нашиот град кои ја искористија можноста да се информираат за активностите на Црвен крст Охрид и се зачленат и станат волонтери на Клубот на млади при Црвен крст Охрид. Дел од нашите

волонтери својот талент го изразија преку изработка на графит-мурал на еден од зидовите на Центарот за култура, дел се забавуваа играјќи креативни игри, дел ги анимираа најмладите минувачи и нивните родители да бидат дел од пхото боотх сесијата, а сите учествуваа на работилницата за танц.
Едногласна и силна беше пораката на младите на Црвен крст Охрид до сите наши сограѓани и до своите врсници, да се приклучат на големото хумано семејство на Црвениот крст каде на најефикасен и најкорисен начин ќе можат да ја негуваат хуманоста, солидарноста и благородноста и да се развиваат во високо морални личности, а притоа се помасовно да правиме добри дела во Охрид.
Изразуваме благодарност до Центарот за култура ІГригор Прличевв, балетското студио ІСонатав и организацијата Цанадианс Фор Цхилдрен Ат Хеалтх Риск (ЦЦХР) од Канада кои го помогнаа одржувањето на овој настан.

**Мини сесии со волонтери од Клуб на млади**
На ден 06.02.2021година во просториите на Црвен крст Охрид беа оддржани 3 мини сесии со волонтерите од Клуб на млади во согласност со мерките за заштита од КОВИД 19. Сесиите беа на тема вКако да сум општествено одговорен за време на пандемија?г, одржани со цел да се поттикнат и мотивираат младите волонтери да се одговорни во своето општество, да продолжат со хуманата дејност, и притоа да се дознаат нивните потреби и идеи за понатамошна имплементација на активности во Клубот на млади. На крајот на волонтерите им беше доделен симболичен подарок како знак за благодарност Ђ годишен календар издаден од Црвен Крст на Република Северна Македонија. Сесиите беа исполнети со смеа, прекрасна енергија и млади гласови кои поттикнуваат иницијативи.

**Часот на планетата Земја**
На ден 27.03 во 20:30 часот, во период од еден час во мрак тонеа над 180 земји и 7000 града ширум светот. И оваа година Црвен крст Охрид се вклучи во еколошката акција преку која луѓето се обединија и ја поткренаа јавната свест за проблемите на планетата Земја.

**Академија за млади**
Во период од 26.03 до 29.03.2021г. се одржа онлине Академијата за Млади, со која се формира национален тим на фасилитатори со цел зајакнување и унифицирање на работата на волонтерите на Црвен Крст на РСМ. Дел од овој тим од 10 фасилитатори е и нашиот лидер на Клуб на Млади на Црвен Крст Охрид, Анастасија Стојаноска, која во наредната година ќе ги примени своите искуства, вештини и знаења и ќе работи на зајакнување на капацитетите на национално ниво заедно со останатиот дел од тимот. Учество како гостин зеде и нашата долгогодишна волонтерка Сара Коваческа.

**Предизвици во рамки на Недела на солидарности**
За време на ІНеделата на Солидарноств (19-25 април 2021 г.) младите волонтери од  Црвен крст Охрид имаа мал предизвик во тимови при кој извршуваа 6 солидарни гестови со цел поттикнување СОЛИДАРНОСТ, ХУМАНОСТ и ширење на љубов низ нашиот град! Беа вклучени 42 волонтери поделени во 14 тима.

- 150+ граѓани насмеани со позитивни пораки оставени на нивните
- производи
- 42 насмеани родители, баби, дедовци, блиски со дарување на цвеќе
- 13 загадени простори во градот = ИСЧИСТЕНИ!
- 14 напишани писма на благодарност кои наскоро ќе бидат доставени на нашите херои - медицинските работници

Уште еднаш волонтерите ја покажаа нивната посветеност и амбиција, нивната искрена желба за поубав свет и големината на луѓето кои волонтираат во нашата организација.

**Локално собрание на млади**
На оддржаната конститутивна седница(28.04.2021) на Локалното собрание на млади при Општина Охрид волонтерот од Црвен крст Охрид и делегат Георги Ставрески беше избран за претседавач на Собранието од мнозинството делегати. Во Собранието заменик-делегат е и лидерот на клуб на млади при Црвен крст Охрид, Анастасија Стојаноска.

**Меѓународна конференција ІПреспа форум дијалогг**

Тим на волонтери од Црвен крст Охрид беше присутен на настан со грижа за превентивните мерки од КОВИД-19 преку мерење на температура. Волонтерите на Црвен крст Охрид даваат активна поддршка на меѓународната конференција ІПреспа форум дијалогг на која на 1-ви и 2-ри јули во Охрид и Отешево ќе се сретнат лидерите на државите од регионот со највисоките претставници од Европа и САД.

**Обука за Психо-социјална поддршка во итни и кризни ситуации**

Во периодот од 3 до 6 октомври во Струга се одржа обука за Психо-социјална поддршка во итни и кризни ситуации, за волонтери и вработени во Црвен крст на Република Северна Македонија. На обуката присуствуваа 2 волонтери од Црвен крст Охрид (Михаела Протуѓер и Ивана Грданова) кои се стекнаа со базични познавања од областа на психо-социјална помош и прва психолошка помош, за жртви погодени од криза, деца, но и за вработените и волонтерите од Црвен Крст.

**Обука за ППП и ПСП во итни и кризни ситуации**

Во периодот од 21-24 ноември 2021, Црвениот крст на Република Северна Македонија, со поддршка на Меѓународната Федерација на друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина, организираше тренинг за вработени и волонтери за пружање на прва психолошка помош во итни и хуманитарни ситуации и мирнодопски услови, на кој учествуваа и претставник на Црвен крст Охрид, Катерина Наумоска.Психосоцијалната поддршка која се базира на заедниците вклучува прва психолошка прва помош, групи за поддршка, воспоставување на безбедни и пријателски простори за деца, едукација за реакции и механизми на справување со загуби и стресни ситуации, подигнување на свеста во заедницата и грижа за волонтерите и вработените во кризни и мирнодопски услови. Овие тренинзи се дел од стратегијата на Црвениот крст на РСМ за фасцилитирање и зајакнување на природната резилиентност на луѓето на индивидуално и колективно ниво, а се составен дел од моделот за психо-социјална поддршка кој Црвениот крст планира да го воспостави на сите нивоа и активности во националното друштво. Во изминатата година се спроведоа онлајн едукации од областа на ППП и ПСП, а со цел поддршка на волонтери на вакциналните пунктови

**Врснички едукации за превенција од сексуално преносливи болести**

На ден 10.07.2021 година во просториите на Црвен крст Охрид се одржа Врсничка едукавија за превенција од сексуално преносливи инфекции од страна на обучени врснички едукатори- волонтери од Клуб на млади при Црвен крст Охрид-Гзим Демироски и Мартин Стојаноски. На работилницата беа опфатени волонтери над 14 години од Клубот на млади, а целта на оваа работилница е да се зголемат знаењата на младитена тема СПИ и сето она што таа го опфаќа, да се поттикнат децата да зборуваат меѓу себе и меѓу нив и своите родители на вакви, сеуште "табу" теми во нашето општество, односно целта е да се поткрене свеста општеството за да не ја занемарува оваа тема затоа што сексуално преносливите инфекции се многу позачестени во последно време.

**Мотивациска работилница за крводарители**

На ден 18.10.2021 година волонтери-мотиватори за крводарителство од Црвен крст Охрид одржаа мотивациска работилница за крводарители во гимназијата ОСУ "Св.Климент Охридски" Ђ Охрид. На работилницата беа присутни 25 ученици од 4та година, кои понатаму ги мотивираа и информираа своите соученици. Учениците преку вежби и дискусија ги дознаа критериумите, мотивацијата и бенефициите на КРВОДАРИТЕЛИТЕ. За градење на подобар свет, клучно е поттикнувањето на хуманост, свесност и активизам кај младите. На 21.10.2021 година согласно Годишниот Интегрален план, во организација на Црвен крст Охрид, во просториите на Службата за трансфузија Охрид се одржа традиционалната крводарителска акција со ученици од ОСУвСв.Климент Охридски г Охрид, на која 23 гимназијалци ги одвоија своите 5 минути, ја даруваа својата крв и станаа дел од големото семејство на крводарители.

На ден 25.10.2021 година во СОСУ гСв. Кирил и Методијг- Охрид беше одржана работилница на која преку вежби и дискусија, волонтери од Црвен крст Охрид ги мотивираа своите врсници да даруваат крв и да спасат живот. 30 ученици од 4 година подоцна ги информираа и мотивираа своите другари и соученици, а тоа резултираше со успешна крводарителска акција на 28.10 со нашите мотивирани млади!

**Работилници за промоција на хигиена и контрола и заштита од ЦОВИД19**

Во рамките на проектот "Промоција на хигиена и контрола и заштита од ЦОВИД19" во текот на месец март, беа спроведени три работилници од нашиот долгогодишен волонтер и едукатор за промоција на хигиена и заштита од КОВИД19 Христијан Пендиков.

Две едукативни работилници, со волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид и со учениците од СОСУ вСв.Кирил и Методијг Охрид беа спроведени онлине на платформата ЗООМ. Учесниците беа едуцирани како да водат подобра хигиена и да се заштитат, со помош на аудио визуелни помагала Ђ презентација и видеа. После едукацијата следеше кратка интерактивна дискусија со учесниците и поставување на прашања на едукаторот. Едукативните материјали потоа им беа испратени на учесниците преку мејл.

Третата работилница, со учениците од ОСУ вСв.Климент Охридскиг беше спроведена во дворот на гимназијата со почитување на превентивните мерки Ђ држење соодветно растојание, мерење на температура, маски и дезинфекција. Беа опфатени 25 ученици од втора година. Тие внимателно го следеа едукаторот и активно учествуваа во интеракција при предавањето. Исто така им беше демонстрирано правилно дезинфицирање, миење и редење на маска, а за крај на секој ученик му беа доделени маска и средство за дезинфекција.

**Работилница за релаксирана дебата**

На ден 31.10.2021 се одржа релаксирачка работилница за волонтерите од Црвен крст Охрид, на која воедно се стекнаа и некои вештини. Цоффее & талкс е идеја како учесниците да се опуштат, а притоа да дебатираат и да се стекнат со говорни вештини.Преку неколку вежби се младите се запознаа подобро и се опуштија,научија како се дава еден аргумент во дебата - исказ, причина и факт, и дебатираа на теми кои ги засегаат денешните млади.

**Работилница за личен менаџмент на време**

Волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид, своите редовни состаноци во среда секогаш се трудат да ги исполнат со активности кои им се потребни и корисни на младите. Преку месечните анкети, 90% од млади волонтери од Црвен крст Охрид се изјаснија дека им е потребна работилница за менаџмент со време. Добар менаџмент со време = повеќе време за себе! Помалку стрес, а повеќе здрави навики. Работилницата за личен менаџмент на време ја одржа лидерот на Клуб на млади, Анастасија Стојаноска преку која младите научија што значи менаџмент со време, открија колку добро секој од нив ги менаџира обврските и дознаа со кои методи и навики можат да го подобрат тоа.

Продолжуваме да работиме на младите ➡ Тие се нашиот единствен пат кон подобро утре!

**Работилница за кариерно советување**

На ден 16.11.2021г. реализирана е работилница за кариерно советување во соработка со "Асоцијација на советници за развој и кариера" по повод Недела на глобална едукација! Предавачот односно сертифициран кариерен советник Марија Коваческа, на пријатен и забавен начин им ги доближа темите на волонтерите од Клуб на млади од Црвен крст Охрид значењето на кариерата и кариерното советување, методи за откривање на нашите желби, предности и вештини, еден чекор поблиску до откривање на вистинскиот кариерен пат за нас. Се грижиме нашите млади да го најдат најдоброто за себе и да продолжат да се одговорни, хумани и корисни граѓани! Им благодариме на соработката АСК-Асоцијација на советници за развој на кариера и Марија Коваческа.

**Работилница за справување со стрес**

На редовниот состанок на Клуб на млади од Црвен крст Охрид во среда, на 17.11.2021 г., беше реализирана Работилница за справување со стрес со м-р психолог Ранко Раткушиноски. На работилницата се направи удобна атмосфера - СТРЕС - ФРЕЕ зона и се споделија знаења и начини за справување со стрес. Ваквите средби се од особена важност за нашите млади волонтери кои се под стрес од најразлични извори, а потребна им е поддршка и шанса за разговор.

**Работилница за Ментално здравје на младите**

На ден 30.11.2021, на барање на Младинската заедница при ОСУ ІСв. Климент Охридскив Ђ Охрид во просториите на Црвен крст Охрид се одржа работилница на тема: ІМентално здравје на младите во современиот светв, која беше водена од страна на долгогодишниот волонтер во Општинска организација Охрид Ранко Раткушиноски (психолог).

Во интерактивната работилница, која имаше за цел да го збогати знаењето на учесниците за прашања од областа на менталното здравје, беа разработени и дискутирани следниве теми: Млади и Ковид-19, Ментално здравје и грижа за него, Самодоверба, Влијанието на социјалниите мрежи врз менталното здравје на младите .

**Работилница за јакнење на деловни вештини и развој на претприемништвото на програмата РедПренеур**

Во периодот од 15 до 19 ноември 2021, во Виена, Австрија се оддржа финалната работилница за јакнење на деловни вештини и развој на претприемништвото на програмата РедПренеур, поддржана од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст. Учесници од Црвениот крст на Република Северна Македонија меѓу кои и учесник од Црвен крст Охрид, Марија Бараковски, заедно со претставници од останати Национални друштва на Црвениот крст и невладини организации, ќе имаат можност да ги спознаат различните начини на финансирање за поддршка и развој на иновативни модели, како и ги претстават своите идеи на кои активно работеа на Мастер академијата пред интернационални експерти и организации. Програмата РедПренеур е двегодишна програма која ги поддржува земјите од Источна и Југоисточна Европа, како и Јужен Кавказ, во развојот на влијателни и одржливи модели, со цел подобрување на достапноста на интегрирани здравствени и социјални сервиси во своите Национални друштва.

**Тренинг за тренери**

Волонтерката Мери Наумова како претставник Црвен крст Охрид, во период од 26-30.12.2021, присуствуваше на трениг за тренери, кој се оддржа во х. Солферино во Струга, а беше организиран од страна на Црвениот крст на Република Северна Македонија. Во текот на тренингот, волонтерката се стекна со доволно теоретско знаење од областа Здравје во итни состојби. Подетално беа обработени следните тематски области:Минимални стандарди за хуманитарна помош- здравје, хигиена, вода и санитација, исхрана;Здравје во итни состојби: Видови катастрофи и нивно влијание врз животот и здравјето;Проценка на здравствени потреби и планирање на одговор;Глобални алатки за одговор при катастрофи: Единици за одговор при итни случаи;Здравје на мигранти;Вклученост и одговорност на заедницата;Влијанието на климатските промени;ЗГППНЗ;Масовни жртви при ненадејни катастрофи и конфликти;Подготовка на Акционен план за здравје во кризни состојби;Меѓуагенциска координација; По завршувањето на тренингот сите учесници се стекнаа со сертификати за учество на работилница за едукација на едукатори за Здравствена грижа при итни состојби

**Тренинг за врснички едукатори**

На ден 19 и 20.12.2021 година во просториите на Црвен крст Охрид се одржа тренинг за врснички едукатори на млади за превентивните програми на Црвен крст на Република Северна Македонија каде учество зедоа 12 волонтери од Клуб на млади од Црвен крст Охрид. Едукатор на тренингот беше Софија Стојаноска, волонтер од ЦКРСМ.

**Хуманитарен марш во чест на Трајан Целески-Тачо**

На ден 13.11.2021 г. од игралиштето ІСтобексв во населба Видобишта, охриѓани го започнаа првиот хуманитарен марш во чест на Трајан Целески- Тачо, во чест на неговиот прерано згаснат живот.Околу 40-тина активисти придружувани од волонтерите на Црвен крст Охрид се движеа по патеката Видобишта-Црква Св. Никола-Велгошти- идобишта која е во должина од 10 км во два правци. Водич беше шампионот во планинско трчање Дејан Ангелоски.

Охрид го памети Тачо како голем другар, спортист, човек со борбен дух, позитивна енергија и харизма. Борбата за неговиот живот прерасна во симбол на хуманост и сплотеност.

**Еко акција**

На ден 21.11.2021 г. над 20 активисти и волонтери чистеа на просторот над седиштето на Националниот парк Галичица.На акцијата која потекнува од идеја на повеќе организации, покрај активисти на Чист Охрид, учествуваа и претставници од Црвен крст Охрид, Национален парк Галичица и здруженијата Енхелеус Лихнид - Енхелеус Лихнид , Екотуризам 2016 и ЕКО Ђ ФАП. Се радуваме на ваквите заеднички акции и се надеваме дека и во иднина ќе продолжиме да работиме заедно, за чист Охрид!

**Меѓународен ден на лица со попреченост**

На ден 03.12.2021 волонтерите од Клуб на млади при Црвен крст Охрид заедно го прославија роденденот на Здружението на родители на деца со посебни потреби "Тајните на моето срце" и го одбележаа Меѓународниот ден на лица со попреченос. Нашите волонтери присуствуваа на овој настан, играјќи и смеејќи се со дечињата ја споделија позитивната енергија и обострано си го го разубавија денот. На децата им се поделија новогодишни пакетчиња и подароци.Насмевките на малите борци, нивната уникатност и силна љубов ја направија ноќта прекрасна и незаборавна!

**Светски ден на волонтерството**

По повод Светскиот ден на волонтерството, Црвениот крст на РСМ организираше пригоден настан на 3-ти декември во хотел ДоублеТрее бѕ Хилтон Скопје со цел да се оддаде признание за придонесот на волонтерите на Црвен крст. Настанот се одржа под мотото ІХероите меѓу нас Ђ Незапирливив, асоцирајќи на посебните напори на нашите волонтери кои делуваат понекогаш и во исклучителни околности обезбедувајќи поддршка и помош за различни целни групи погодени од итни состојби и ризици. Доделени беа 11 благодарници на волонтери на Црвениот крст на РСМ кои дале посебен придонес во реализацијата на целите и задачите на националното друштво во 2021 година, меѓу кои и волонтерот од Црвен крст Охрид Илкер Мустафа. Илкер Мустафа се вклучи во активностите на Црвен крст Охрид за ублажување на последиците од пандемијата на КОВИД-19 во првите кризни денови. Како член на мобилните тимови формирани во март 2020 година, несебично вложуваше труд и време за да им укаже помош на оние на коишто им беше најпотребна. Исполнителен и доверлив, Илкер придонесе кон вклучување и одржување на соодветни услуги наменети за ранливите граѓани во одговорот на Црвен крст Охрид на пандемијата; непосреден и ведар во комуникацијата со корисниците на услугите на Црвен крст Охрид, секогаш подготвен да сподели убав збор, Илкер донесе насмевки на многу лица во Охрид и во охридско. Неговите одлични комуникациски и вештини за дејствување во тим, неговото знаење и искуство, како и неговата совесност во работењето, го истакнаа како одличен соработник и придонесоа кон создавање позитивна работна атмосфера во време на неизвесност и вонредни услови за работа. Исклучителен е доброволниот придонес на Илкер Мустафа Ђ посветен на работата за доброто на неговите сограѓани и на неговата заедница, Илкер е пример за волонтер на Црвен крст.

Светскиот ден на волонтерството, Црвен крст Охрид го одбележа со неколку активности:

- На ден 05.12.2021г., Црвен крст Охрид го одбележа Светскиот ден на волонтерството преку онлине кампања на нашите социјални мрежи Фацебоок и Инстаграм и Ѕоутубе канал, кадешто имаше премиера на две видеа изработени од волонтерите од Црвен крст Охрид и фотографии кои имаа за цел да ја промовираат организацијата и да ги мотивираат волонтерите.

- На ден 08.12.2021 г. Клубот на млади при Црвен крст Охрид организираше скромна свеченост за доделување на благодарници на 60 волонтери, како и признанија за волонтер на годината на волонтерите кои заедно остварија над 1000 волонтерски часови. На свеченоста беше промовирано и ЦКА-ПХВ ЦД кое содржи 30 музички нумери составени и отпеани од волонтерите на Црвен крст на РСМ од целата држава, подготвени во рамки на ПХВ неделата во 2020 година. На овој присуствуваа и Претседателот Сашо Точков и секретарот Мимоза Ставрева. ООЦК Охрид неизмерно го цени трудот на своите волонтери и се надева дека ваквите настани ќе претставуваат дополнителен поттик волонтерите да продолжат активно да дејствуваат за доброто на заедницата.

## ЦРВЕН КРСТ ОХРИД - АКТИВНОСТИ ПЛУС

**БОБ**

Центарот за развивање на животни вештини Бреинобреин-Црвен крст Охрид кој веќе 11 години е лидер во едукацијата на младите од 4-14 годишна возраст со Меѓународно призната и познатата Бреинобреин програма и во 2021 година нанижа големи успеси.

**БОБ награди**

На пригодна свеченост, почитувајќи ги мерките за заштита од Ковид-19, во просториите на Црвен крст Охрид беа доделени наградите на децата од Бреинобреин Центарот за развивање животни вештини БОБ-Црвен крст Охрид кои учествуваа на шестиот Интернационален Бреинобреин натпревар кој се одржа на 9 јануари 2021 година. На онлајн натпреварот во огромна конкуренција од 25 000 деца-натпреварувачи од 45 земји во светот сите 52 учесници кои го претставуваа нашиот центар освоија награди и тоа: 14 деца освоија трофеи, 22 деца златен медал и 16 деца сребрен медал.
Со гордост истакнуваме дека и овој пат, интернационално мерливите резултати покажаа и потврдија дека нашите бреинобреин генијалци се меѓу најдобрите во светот. А успехот се должи на нивната посветеност, вложенио труд и упорноста, на несебичната и професионална посветеност на тренерите и на поддршката на родителите.

**БОБ Доделување сертификати**

Уште една генерација на деца, десетта по ред, покажаа и докажаа дека само со упорност, искрена посветеност и работа, поддршка од родителите и под водство на квалитетни и креативни тренери може да се достигне целта, завршување на комплетната Бреинобреин едукативна програма во Центарот за развивање животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид. На 23.05.2021 г. во прекрасен природен амбиент на манастирот ІСв.Спасв во с. Горно Лакочереј, Охрид на овие деца, во присуство на нивните родители им беа доделени меѓународните сертификати за комплетно завршена БОБ програма. Не изостанаа и подароци за секој ученик доделени од страна на тренерот на групата Валентина Кузмановска.
Бреинобреин - Црвен крст Охрид Центарот за развивање на животни вештини работи под франшизерство на Бреинобреин академијата од Ченаи, Индија од 2010 година. Во центарот се имплементира едукативна програма наменета за деца од 4-14 годишна возраст кои преку најразлични техники и вештини ги стекнуваат, развиваат и потврдуваат способностите за фотографска меморија, концентрација, нумерички и вербални способности, способности за учење, креативност и имагинација, лидерство, самодоверба, визуелизација, решавање на проблеми. Оваа светски призната и докажана програма ја спроведуваат високо професионални тренери со искуство во работа со деца и обучени од меѓународни инструктори.

**Успешна БОБ приказна**

Заокруживме уште еден пролетен циклус на Бреинобреин програмата која веќе 11 година се имплементира во Центарот за развивање на животни вештини при Црвен крст Охрид. Горди сме што оваа програма ја проследиле или ја следат преку 500 ученици, на 10 генерации на ученици кои успешно и целосно ја завршиле истата. И сите тие преку оваа програма имале можност да ја почувствуваат и научат најважната животна лекција, дека успехот е поврзан со акција и посветеност, страст и љубов. Успешните луѓе продолжуваат да се

движат. Тие дури и да направат грешки не се откажуваат. Не се откажуваат и нашите Бреинобреин мозочиња кои и по завршување на Бреинобреин академијата сѐ уште се на пиедесталот на скоро секое важно натпреварување.
Успесите кои ги нижат еден по еден нѐ прават горди. Се радуваме на секоја добиена диплома, медал или потврда за учество. Аплаудираме за посветеноста која ја покажуваат и навиваме за мотивацијата со која влегуваат во секоја дадена прилика да ја покажат својата посебност.
Дека ова е нешто што се повторува секоја година, го потврдуваат и најновите успеси на нашите Бреинобреин генијалци:
*Леонид Тодороски-државен првак по математика и државен првак по биологија, сребрен медал на ЈММО - Јуниорската македонска математичка олимпијада и единствен охриѓанец како дел од екипата која ќе ја претставува нашата земја на 25. Јуниорска Балканска Математичка Олимпијада ;
*Иван Синадиноски-државен првак по природни науки, прво место и награда на регионалниот натпревар математика, сертификат за учество на математички државен електронски натпревар ПИ-ДЕН ;
*Лана Трпкоска Ђ втора награда на државен натпревар по природни науки;
*Борче Исакоски - трета награда на ЕПО олимпијада по физика, второ место на државниот натпревар по географија и сребрен медал на државниот натпревар по народна техника во областа на обновливите извори на енергија;
*Елена Стојоска-втора награда на државниот натпревар по математика и пофалница на државен натпревар по физика;
*Атина Рувинова-бронзен медал на европска олимпијада по физика, прво место на државен натпревар по информатика и прво место на регионален натпревар по информатика;
*Матеј Исакоски -бронзен медал на државниот натпревар по народна техника во областа астронаутика;
*Михаела Бабаче -пофалница на државен натпревар по физика;
*Марија Лазаревска-прва награда на регионален натпревар по математика;
*Марко Ѓоргоноски Ђвтора награда на регионален натпревар по математика;
*Славчо Мургоски - пофалница на регионален натпревар по математика, трето место на регионален натпревар по физика, пофалница на државен натпревар Ђ Народна техника;
*Стефан Мургоски-трето место општински и пофалница на регионален натпревар по математика;
* Јана Џамтоска-освоена трета награда на регионален натпревар по биологија, трета награда на регионален натпревар по физика, сертификати за учество на математички државен електронски натпревар ПИ-ДЕН и државен натпревар по физика;
*Максим Нелоски-прва награда на општински натпревар по математика;
*Лука Наум Костадиноски-втора награда на општински натпревар по математика;
*Мартин Петковски - учество на онлајн работилница за продукција на кратки филмови на тема „Заштита на животна срединаг на германски јазик со обучувачи од Лондон, учество на натпревари математика и физика во Јахја Кемал;
*Илија Петковски-учество на општински натпревар по природни науки.
Акцент ставивме на ученици кои целосно ја завршија БОБ програмата. Ученици кои од 4-5 годишна возраст своите почетоци ги бележат во нашиот центар.
Ќе ги спомeнеме и успесите на нашите ликовни таленти на разни конкурси и натпревари Стефанија Јанеска, Ристе Кузманоски, Полина Божиновска (најдобра илустрација за насловна книга на училиште во Мелбурн Ђ Австралија), успесите на нашите спортски таленти : Еранд Зиба, Иво Недевски, Дејан Цветкоски, Бесир Далипи, Лана Трпкоска, Владимир Рувина, музички таленти: Габриел Наумоски, Лео Нелоски, Димитриј Питроповски, Давид Попоски. Наум Цветкоски како главен детски лик во филмот на Илија Пиперкоски,I Дедо и внукI продолжува да нижи успеси на престижни филмски фестивали. Листата не е конечна. Ве има уште многу и насекаде.
Повторно ќе се навратиме на успехот на Центарот за развој на животни вештини Бреинобреин - Црвен крст Охрид што го постигна на 9 јануари 2021 год. со своите 52 претставници во различни возрасни категории на 6-от Интернационален онлајн абакус натпревар , во конкуренција на 25 000 натпреварувачи од 45 земји учеснички, 14 трофеи (највисоко признание), 22 златни медали и 16 сребрени медали.
БОБ центарот на Црвен крст Охрид се гордее и со успесите и постигнувањата на инструкторите кои ја реализираат програмата: Билјана Николоска- завршено осмо ниво, уште две нивоа ја делат од највисокото десетто ниво, Христина Кузманоска-инструктор кој оваа година ја комплетира програмата и се стекна со

сертификат за успешно завршена програма Ђ 10 ниво, Валентина Кузманоска, координатор и инструктор во програмата, прв тренер во Македонија со завршено 10 ниво, а од неодамна именувана и високо рангирана на листата за звање наставник-ментор од страна на МОН, БРО-РСМ.
Нашите Бреинобреин генијалци се амбасадори не само на нашиот центар, тие се амбасадори и на нашиот убав Охрид и нашата држава.

**ПРОГРАМА ЗА МЛАДИНСКО ЛИДЕРСТВО**

На 28.09.2021, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа работилница наменета за учесниците во првиот и во вториот циклус на реализација на програмата за развој на младинско лидерство ІМлади лидери создаваат иднинав. Оваа работилница беше можност, учесниците во првиот и во вториот циклус коишто поради пандемијата на КОВИД-19 не ја завршија програмата, да го исполнат критериумот за успешно завршување на програмата и да добијат сертификат. Работилницата ја одржаа Катерина Наумоска и Ранко Раткушиноски. Откако се одржа оваа работилница, Црвен крст Охрид им додели сертификати на 18 учесници во првиот и во вториот циклус на реализација на програмата ІМлади лидери создаваат иднинав.

**ПРОГРАМА ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА ВО ДОМАШНИ УСЛОВИ**

Црвен крст Охрид е верификувана организација за спроведување на обуки за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост во Охрид и Дебрца, согласно верификувана програма од страна на Центарот за образование на возрасните и Министерството за образование и наука.
Со цел развивање на услугите за долготрајна нега на стари лица и лица со попреченост од страна на квалификуван и професионален кадар, Црвен крст Охрид организираше обука за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост. Обуката, која содржеше теоретски и практичен дел, траеше 3 месеци(мај-јули), а се реализираше во простории на Црвен крст Охрид прилагодени и опремени со потребната опрема и помагала со почитување и примена на соодветните протоколи за заштита од Ковид-19. Обуката ја изведуваше наставен кадар-едукатори (доктор по медицина, медицинска сестра, социјален работник, дефектолог), пет дена во неделата, во попладневните часови. По успешно завршената обука 8 кандидати се стекнаа со соодветен меѓународно признат сертификат за негувател/ка за помош и нега на стари лица и лица со попреченост.

**ПИЛОТ ПРОЕКТ ІЦросс4аллв**

Од 01.12.2020 г. започна со реализација пилот проект- Прекугранична иницијатива за интегрирани здравствени и социјални услуги за промовирање на безбедно стареење, рана превенција и независно живеење за сите- вЦросс4аллг кој Црвен крст Охрид го реализира во соработка со Општина Охрид и Заводот за превенција на кардиоваскуларни заболувања ІСв. Стефанв-Охрид. Проектот е финансиран преку ИПА програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020.
Најсуштински дел од проектот беше Пилот Програмата за воведување на Мултидисциплинарни тимови на здравствени експерти, обучени соодветно и опремени со иновативни мобилни комплети кои ќе пружаат помош и ќе го олеснат пристапот до здравствените услуги на лицата од руралните средини, лицата со инвалидитет и нарушена мобилност, како и на луѓето од ранливите категории кои се граѓани на Охрид. Посебен акцент беше ставен на домашните посети, медицински и психолошки прегледи на пациенти позитивни на КОВИД-19.
Станува збор за четири тимови, по два формирани од општина Охрид и Црвен крст Охрид и два од Заводот за превенција на кардиоваскуларни заболувања ІСв. Стефанв. Во секој тим имаше доктор, медицинска сестра, психолог и социјален работник. За мобилните тимови беше набавена современа, технолошки напредна медицинска опрема за лекарски прегледи на располагање како и специјално возило за мобилност на тимовите кое општината го набави преку овој проект. Два од тимовите со целокупен медицински персонал беа мобилни, додека другите работеа во посебни простории. (една во просториите на Црвен крст Охрид и друга во просториите на Заводот за превенција на кардиоваскуларни заболувања ІСв. Стефанв-Охрид)
Тимовите работеа со претходно одреден план и динамика. Закажувањето на прегледите беше слично како ІМој терминв. Лицата кои имаат потреба за преглед можеа да го закажат истиот преку телефон, по што ќе

добијат точен датум и време кога ќе бидат посетени или кога можат да дојдат. Пациентите по потреба понатака се упатуваа во секундарните или терцијалните здравстени установи.
Сите резултати се архивираа со посебен софтвер, преку кој ќе имаат увид и матични доктори, со цел и тие да бидат запознаени со прегледот.
Како заедничка соработка помеѓу Грција, општина Охрид и Црвен крст Охрид, проектот е воспоставен со многу цели и повеќето од нив се однесуваат на групите на граѓани со попреченост. Имаше три различни тимови ЛОТ 1, ЛОТ 2 и ЛОТ 3 кои беа работени на различни задачи.

- Тимот на ЛОТ 1 започна во 08.02.2021 и работеше до 08.06.2021 (координаторот до 08.07.2021). Составот на тимот вклучува 3 инспектори и еден координатор на тимот. Нивната задача беше да се помогне во развојот на каталогот на достапни здравствени и социјални услуги, преку собирање на податоци на терен. Овој каталог ќе биде вклучен во заедничка платформа и заедничка студија за празнините и нееднаквостите во здравствените установи и социјалните услуги.
- Екипата на ЛОТ 2 започна во 01.12.2020 година и работеше до 31.05.2021 година 2021 (координаторот до 30.06.202г.1). Составот на тимот вклучуваше 2 лекари, 1 социјален работник, 1 психолог, 2 медицински сестри, еден администратор, еден координатор и едно лице за помошна маса. Задачата беше да се измерат крвниот притисок, маснотиите во крвта, состојбата со дијабетес и срцеви заболувања на околу 600 пациенти. Социјалниот работник им помагаше на пациентите да ја ублажат состојбата во која се наоѓаат. Тие можеа да зборуваат со нив и да бидат советувани за сѐ што им треба, а повеќето од нив побараа помош во врска со ситуацијата и посебните услови на пандемијата Ковид-19. Остатокот од тимот ги средуваше информациите и здравствените досиеја за пациентите во посебен софтвер креиран за потребите на проектот. Прегледите се извршуваат два пати неделно во просториите на Црвен крст. Исто така два пати се извршија прегледи во болницата Систина Нефроплус. Прегледите се евидентирани со земање на лични податоци од пациентите. Во прегледите најчесто беа опфатени стари лица и лица од ранливи групи.
- Екипата на ЛОТ 3 започна во 01.12.2021 година и работеше до 28.02.2021 година (координаторот до 30.03.2021г.). Составот на тимот вклучуваше 2 лекари, 2 социјални работници, еден администратор и еден координатор. Задачата на тимот беше иста како на ЛОТ 2, но тие работеа како мобилен тим, ги опфаќаа пациентите со попреченост и пациентите во селата во близина на Охрид. Мобилната екипа со почеток изврши теренски прегледи во селата од охридскиот регион и Општина Дебрца. Вклучително со проектот Цросс4алл извршени беа и неколку домашни посети кај неподвижни пациенти или социјално загрозени семејства. Мобилната екипа изврши вкупно 150 прегледи што и беше предвидено во проектот за мобилна екипа. Посетени беа повеќе села од кои: Белчишта, Лешани, Велмеј, Куратица, Лескоец, Велгошти, Пештани, Горно и Долно Лакочереј...Домашните посети беа евидентирани со адреса на живеење и земање на лични податоци од пациентите.. Во прегледите беа опфатени различни категории на луѓе по возраст и пол, а во исто време се вршеше и советување од социјалните работницикај што имаше потреба од тоа.

Имаше специјална опрема и курс за обука за секој член на тимот.
Како резултат на овој проект имаме многу информации за здравствената состојба на локалното население (крвен притисок, маснотии во крвта, срцеви заболувања и дијабетес) и инфраструктурата на многу здравствени установи од југозападниот регион на Република Северна Македонија, како што се како аптеки, лаборатории, болници и домови за стари лица.

**ПРОЕКТ вРазвој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичицаг**

Од 01.11.2021 година започна со реализација проектот вРазвој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичицаг кој е поддржан од Преспа Охрид Натуре Труст Ђ ПОНТ и Цритицал Ецосстем Партнерсхип Фунд (ЦЕПФ). Главен апликант и носител на проектот е Црвен крст Охрид во партнерство со Истражувачкото друштво вУрсус спелеосг и Здружението на граѓани Еко Логик, а проектот ќе се реализира во периодот од ноември 2021 до јуни 2022 година
На ден 13.11.2021 година, во просториите на Црвен крст Охрид, се одржа почетна (кицк офф) работилница во рамките на проектот.
Главна цел на проектот е зајакнување на капацитетите за едукација за заштита на природата со акцент на заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичица, а тоа ќе се постигне преку:

- Подготовка на 2 дисеминациски/едукативни модули за заштита на пештери и лилјаци во Националниот парк Галичица (наменети за деца од градинки и ученици од основни училишта)
- Подготовка на 2 интерактивни игри за заштита на пештери и лилјаци (наменети за деца од градинки и ученици од основни училишта)
- Спроведување на обука за едукатори за имплементација на модулите, како и едукативни работилници во градинките и основните училишта на територијата на општина Охрид
- Подготовка и дистрибуција на флаери и постери
- Спроведување на теренска посета во пештера во Националниот парк Галичица
- Спроведување на работилници за споделување искуства и вмрежување, како и развивање едукативна иницијатива за заштита на пештери и лилјаци во Националниот парк Галичица

За време на почетната работилница, во која учествуваа претставници на Црвен крст Охрид, Истражувачкото друштво вУрсус спелеосг, Здружението на граѓани Еко Логик, како и претставници на Националниот парк Галичица, согласно агендата, се реализираа инфо-презентации за работата на сите вклучени страни, презентација на проектот (одговорности и временска рамка), се разгледаа административните процедури, а воедно се дискутираше и за подготовка на план за социјални медиуми, како и зголемување на видливоста/дисеминацијата на проектот.
Работилницата се одржа согласно протоколите за заштита од КОВИД-19 донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Црвен крст Охрид во рамките на проектните активности од проектот IРазвој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичицаг кој е поддржан од страна на ПОНТ/ЦЕПФ, на 22.12.2021 г. реализираше набавка на спелеолошка опрема (спелеолошки заштитни шлемови и спелеолошки челни ламби) за потребите на реализација на проектните активности, едукативни посети на пештери итн. Спелеолошката опрема беше набавена од реномирана домашна компанија.

На ден 22.12.2021 година, во просториите на Црвен крст Охрид се реализираше партнерски мониторинг состанок во рамките на проектот вРазвој на едукативни ресурси за заштита на пештерите и лилјаците во Националниот парк Галичицаг кој е поддржан од страна на ПОНТ/ЦЕПФ. За време на состанокот, на кој учествуваа претставници на главниот апликант Црвен крст Охрид и партнерските организации Истражувачко друштво вУрсус спелеосг и Еко Логик, се разгледа моменталната состојба и временска рамка на проектот, се презентираа досегашните реализирани активности од страна на партнерите и главниот апликант, се презентираше рамката за промоција на проектот на социјалните медиуми, а воедно се разгледа и набавената опрема за посета на пештери.

## ИНФОРМИРАЊЕ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

### ОТВОРЕНИ И ТРАНСПАРЕНТНИ ПРЕД ЈАВНОСТА

Активностите кои Црвен крст Охрид ги организираше и реализираше во текот на 2021 беа најавени и објавени и за нив се известуваше во сите локални медиуми, а дел и во националните средства за јавно информирање. Преку јавност и отчетност во нашата работа го креираме имиџот и угледот на Црвен крст Охрид.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Меѓународната соработка на Црвен крст Охрид со сродни организации од странство поради пандемијата се сведе на онлине соработка, размена на искуства и надградба на човечките и материјално-техничките капацитети на организацијата

## СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ

Службата за барање е посебна служба во Црвениот крст на РепубликаМакедонија, чија функција е да ги извршува работите околу известување за жртви од вооружени конфликти и елементарнине среќи со цел лицата заштитени со Женевските Конвенции и Дополнителните протоколи да можат да ги остварат своите права кои сепредвидени со тие прописи.

Во текот на изминатата 2021 година, Службата за барање на Црвен крст Охрид имаше еден регистриран случај за пронаоѓање на семејни врски и воспоставување на контакт.

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ФОНДОВИ

Изразуваме голема благодарност до сите поддржувачи, помагатели и донатори на активностите на Црвен крст Охрид кои во текот на 2021 година со својата хуманости конкретна помош допринесоа за успешна и ефикасна реализација на нашите програми со што се помогна на голем број лица со социјален ризик и здравствени потешкотии.